магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ
ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 80 страници
Година 3 Број 1
Март 2024 г.
Цена 150 ден.



**МЕГАТЕМА**

## „КАДЕ ЧЕКОРИ МАКЕДОНИЈА?“ ФОРУМ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ

**ТЕМА**
Профил на претседателските кандидати

**АНАЛИЗА**
Проблемот со пасошите на штета на бизнисот: 100-тина македонски „бродоломци“ по светските пристаништа останаа без работа

**КОМПАРАЦИЈА**
Жени-лидерки дома и во светот

ISSN 2671-3934
5 318000 033115

www.magazinturizam.mk




Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА



**Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3


МЕГАТЕМА: **Каде чекори Македонија? Форум на Универзитет Скопје** 4


АНАЛИЗА: **Проблемот со пасошите на штета на бизнисот: 100-тина македонски „бродоломци“ по светските пристаништа останаа без работа** 16


КОЛУМНА: **Зошто да зборуваме македонски? М-р Милица ПЕТРУШЕВСКА,** лектор на Универзитетот Скопје 22


ТЕМА: **Профил на претседателските кандидати** 30


МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Општина Сопиште, Стефче ТРПКОВСКИ** 40


РЕПОРТАЖА: **Убавините на Битола** 48


ДУРБИН: **Студентите на Универзитетот Скопје на Меѓународниот саем за туризам во Белград** 58


ИДНИНА: **Наши алумни: Ѓоко Таневски, пејач** 62


ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Иселениците останаа во небрано - дел од нив заробени во трети земји, без пасош со новото име** 66


КОМПАРАЦИЈА: **Жени-лидерки дома и во светот** 70

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ



*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# КОЛКУ СЕ СРЕЌНИ МАКЕДОНЦИТЕ?

*Македонија е на 84. место во Извештајот за индексот на среќата на Обединетите нации, додека младите под 30 години во земјава сè нешто посреќни и се наоѓаат на 67. место. Финска останува најсреќна земја во светот и седма година по ред е на првото место.*

*Светскиот извештај за среќа е Индекс за среќата што го објавува Мрежата за решенија за одржлив развој при Обединетите нации секоја година и се заснова на процената на луѓето за нивната среќа, како и на економските и на социјалните податоци.*

*Ако тргнеме да разговараме што нè прави среќни, многумина ќе речат: „На личен план се чувствувам среќна затоа што се сите дома здрави, а покрај мене се луѓето што ми значат. Имам цел во животот, професионално сум реализирана. Но, во општеството во кое живеам може да биде многу подобро.“*

*Клучните столбови – здравството и образованието – се на маргините. Објектите за лекување се урнисани, дел од училиштата се стари и со години нереновирани. Дишеме најзагаден воздух во светот. Граѓаните осиромашуваат од ден на ден, корупцијата зема замав, се игнорнираат обичните луѓе. Како да ги натераме младите во ваков амбиент да останат во Македонија и да ја гледаат перспективата дома? Ние како одговорно општество мора да најдеме начин за промени на подобро, а носителите на власта, треба и мора да им понудат перспектива за иднината, услови за живот достоен за еден човек. Наместо изгубена надеж, потребно е враќање на довербата. Само тогаш има шанса Македонците да се посреќни од денеска.*

## ФОРУМ

# КАКО ДА ГО ЗАШТИТИМЕ МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ?

## САМООДРЕКУВАЊЕТО Е ПОСТРАШНО ОД НЕГИРАЊЕТО ОДНАДВОР, ОВА Е ПРЕСУДЕН МОМЕНТ ДА ГИ СОЧУВАМЕ УНИТАРНОСТА И ДРЖАВНОСТА

Како да го заштитиме македонскиот идентитет? На оваа тема Универзитетот Скопје на 14 март организираше форум на кој учествуваа видни личности од политичкиот, дипломатскиот, економскиот и културниот живот во државата. Форумот беше организиран во три панел – дискусии. Учесниците дебатираа во кој правец се движи Македонија на економски и на политички план и дали го заштитивме доволно идентитетот. Ректорот на Универзитетот, проф. д-р Аце Миленковски порача дека организацијата на ваков форум била неминовност бидејќи се работи за клучен момент во македонската историја кога е заштитата на  идентитетот во прашање, а Универзитетот Скопје континуирано работи на зачувување и афирмирање на сето она што е македонско.



# МЕГАТЕМА




Форум: „Како да го заштитиме македонскиот идентитет?“

## КАДЕ ЧЕКОРИ МАКЕДОНИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПЛАН?

Македонија е повторно исправена пред тешки предизвици и времиња кога се негира сè што е македонско, се задира во идентитетските прашања и кога има обиди да ѝ ги украдат историјата и културата. Нашата земја и народ во последно време се негирани, но не само однадвор, туку и однатре. Сами се одрекуваме од својот идентитет. Македонецот е научен да му го негираат правото на постоење и да му ги одземаат историјата и културата. Сега е пресуден момент за нашата татковина кога треба да ги сочуваме унитарноста и државноста – ова се главните пораки кои ги испратија учесниците на форумот **„Како да го заштитиме македонскиот идентитет?“**.




МИТРОПОЛИТОТ СКОПСКИ И АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ И НА ЈУСТИНИЈАНА ПРИМА, НЕГОВОТО БЛАЖЕНСТВО Г. Г. СТЕФАН:

# *НА **НЕГИРАЊЕТО** НА НАШИОТ **ИДЕНТИТЕТ** ОД ДРУГИТЕ СМЕ НАВИКНАТИ НИЗ ИСТОРИЈАТА. ДЕНЕС, **НАЈЗАСТРАШУВАЧКО** Е **НЕГИРАЊЕТО** НА НАС САМИТЕ **ОД НАС САМИТЕ.***



Поглаварот на Македонската православна црква г. г. Стефан рече дека за Македонците не е ново негирањето на правото на постоење и одземањето на историјата и културата затоа што народот и црквата, рече тој, одамна се научени на тоа.

***„Но, нов елемент и далеку позастрашувачко е тоа што во последниов период не само што сме негирани однадвор, туку самите се самонегираме самоодрекувајќи се од столбовите на нашиот идентитет. Тажно е кога волкот ќе ги нападне овците, но уште пострашно и потажно е кога нив ќе ги нападне шарпланинецот, кога ќе се оволчи оној чија улога е да ги заштитува паствата од волците. И тажно беше кога однадвор други не негираа застапувајќи ги своите интереси, но неспоредливо потажно е кога самите однатре се негираме застапувајќи туѓи интереси како свои“***, рече архиепископот додавајќи дека „некои Македонци со антимакедонски постапки“, или за лична корист или во служба на туѓи интереси, се подготвени и волни да отстапуваат од македонската историја и од македонскиот јазик.

Тој порача дека се излажале „главните идеолози на таквите обиди на кои нашите им слугуваат“, а кои мислат дека нашиот идентитет е како кула од карти која ќе се урне ако се повлече една, затоа што, рече, македонскиот народ е пиреј – трева што не умира и ништо не ја ништи. Најсилниот удар што му се задава на Македонецот, според него, е идејата за непостоење историски македонски корен и македонски идентитет, и само одржувајќи го христијанскиот идентитет, македонскиот народ ќе го зачува „македонскиот, библиски, јазичен, културен и историски идентитет“.

***„Уште Стариот завет нè учи да ги почитуваме нашите татковци и мајки и ако ја почитуваме таа заповед, тогаш треба да ги почитуваме нашите прадедовци и прабаби по род кои се***

*вложија во градењето на нашата историја и култура, нашата црква и држава. Доколку останеме верни на прадедовската вера, доколку останеме облечени во Христа, тогаш ќе градиме и општество на здрави луѓе што ќе имаат љубов и одговорност кон својата татковина и кон својот народ. Така меѓу нас ќе нема веќе ,кафени сахиби' и оволчени шарпланинци, личности кои почитувајќи ги туѓата историја, јазик, вера и култура, по никаква цена не ќе ги раздаваат и продаваат своите. За оние што го правеле тоа досега, го просиме Бога да им прости оти не знаат што прават",* рече г. г. Стефан.




## ПРОФ. Д-Р АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ, РЕКТОР, УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ: ***ИДЕНТИТЕТОТ Е ЛИЧНА КАРТА, ПАСОШ!***

Според ректорот на Универзитет Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, Форумот „Како да го заштитиме македонскиот идентитет" е организиран од потребата да се зачува македонскиот идентитет затоа што, рече, се работи за татковината.

*„Идентитетот е лична карта, пасош. Кога ќе нè идентификуваат, ние сме Македонци, а и да не нè идентификуваат пак сме Македонци. И како сакаат да нè нарекуваат, ние сме Македонци. Тоа беа моите предци и тоа се моите потомци, тоа беа историските личности од античкиот период и во целиот период оттогаш сè до денес. На форумот ќе ги слушнете нашите аргументи дека за сè може да разговараме, но за личниот идентитет – никако. А никогаш и никако за идентитетот на нашата татковина"*, изјави Миленковски пред почетокот на Форумот.

Амбасадорот Марјан Ѓорчев за медиумите изјави дека Форумот се организира во пресуден момент за нашата татковина „во време кога треба да ги сочуваме унитарноста и државноста, во време кога треба да ги промовираме древноста и вековноста на историско-географскиот простор Македонија". Според него, почнувајќи од 1993 и од, како што рече, „фамозното попуштање под притисокот на Грција", потоа со Привремената спогодба во 1995 и откажувањето од државното знаме, со непочитувањето на пресудата на Судот на правдата во Хаг во 2011, откажувањето во член 49 од македонското малцинство – со сето тоа „покажавме огромно

безрбетништво и непочитување на она што македонскиот народ ни го порачуваше низ овие три децении".

*„Ако не попуштевме, ќе се најдевме на истото место каде што сме денес. Само ќе бевме погорди, подостоинствени и со поголема перспектива за нашата македонска иднина. Тоа е пораката – сите сплотени, заедно, единствено да покажеме дека имаме што да чуваме, имаме што да браниме и имаме што да надградиме на овој наш историско-географски македонски простор каде што е формирана македонска држава. Треба да ја почитуваме, треба да ја сакаме и да работиме за неа"*, порача Ѓорчев.

Според него, имаме обврска да го охрабриме секој Македонец и македонски граѓанин што верува сѐ уште во своите институции, во својата химна, во својот грб, во своето знаме, во тоа што претставува Македонија, во тоа што е симбол, надеж и вера, дека можеме подобро, умееме подобро и треба да го направиме тоа подобро.

## МИЛЕНКОВСКИ: ***ПРЕСПАНСКИОТ*** *ДОГОВОР Е НАЈГОЛЕМОТО* ***НАЦИОНАЛНО ПРЕДАВСТВО! ДОСТА Е,*** *ВРЕМЕ Е* ***ДА СЕ ОБЕДИНИМЕ!***



Говорејќи за евроаспирациите на Македонија, ректорот Миленковски истакна дека ниту една влада досега не успеала да го подигне квалитетот на образованието на европско ниво, ниту примарното, ниту средното, ниту високото образование. Напомена дека европските вредности, а особено дигитализацијата во образовниот процес се прифатени, имплементирани и адаптирани во секојдневното функционирање на Универзитетот Скопје. Според него, во овој дел на ниво на држава ние тапкаме во место. Вели – постојат струи кои го влечат општеството наназад.

*„Во најновите алгоритми, јас не се гледам себеси како Северномакедонец. Ниту се гледам, ниту се читам, ниту, пак, сакам некаде да ме видат како таков. Јас сум Македонец. И кога ќе ни го одземат тоа право, а се обидуваат да ни го одземат, тогаш кај мене се раѓа тој порив, бунт, бунтот што го чувствуваа Тодор Петров и Флоровски во тој состав на првиот парламент во 1990 година. Јас имам револт и револтот сакам да го искажам токму преку овој Форум. Токму овде пред вас, пред јавноста. Јас имам пријатели насекаде, па и во МВР, па на никого не му се јавив за доброволно да го сменам својот идентитет, да фаќам врски за да добијам лични документи за кои се одговорни државните структури"*, рече Миленковски.

Според него, со потпишувањето на Преспанскиот договор почнува да се редефинираат македонскиот идентитет и македонското прашање. Тоа било најголемото предавство откако постои македонската држава и македонската цивилизација.

*„Ние не им го дадовме тоа право да го редефинираат нашиот етнички идентитет. Личен. Во нивната програма не постоеше тоа. Се колнеа во деца, мајки, татковци, баби, дедовци, дека нема да го сменат името. Дека нема шанси тоа да се случи. Замислете да кажеа дека ќе го променеа името? Мислите ли дека некој однас ќе излезеше да гласа за нив? Тие се само љубители на туѓи интереси. Ние на своите, на националните"*, изјави Миленковски.

Ректорот го заврши своето излагање со пораката дека на Македонците им треба единство, дека конечно треба да престанеме да се расправаме за да ја извадиме државата од работ на амбисот до кој е доведена денеска. Според него, треба јасно и недвосмислено да го кажеме нашето „не" за рушење на нашиот идентитет и на претстојните избори.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ,
АМБАСАДОР:

*„КАКО НАЦИЈА И КАКО ДРЖАВА **ПОТФРЛИВМЕ** НА СЕКОЈ ПЛАН. ТОКМУ ЗАТОА ДЕНЕСКА **ИМАМЕ ОДГОВОРНОСТ** ДА ГО **ОХРАБРИМЕ** СЕКОЈ **МАКЕДОНЕЦ** ШТО ВЕРУВА ВО МАКЕДОНИЈА, ДЕКА **МОЖЕМЕ ПОДОБРО!** ДА НАПРАВИМЕ СÈ ДА БИДЕ ПОДОБРО!*




Според амбасадорот Марјан Ѓорчев, на Македонците во последниве 33 години им недостига сплотеност и соработка, верба во македонството, верба дека сме ние свои на своето. Повеќе верувале дека некој амбасадор кој е овде 3-4 години знае повеќе за државава од нашите дедовци и баби, татковци и нас самите. Македонската политика, вели Ѓорчев, треба да биде цврста, одлучна и јасно да ја постави црвената линија. Без отстапки бидејќи веќе сме дале сè.

*„Зошто да не се потпреме на нас самите? Некој вели ни требаат европски камшикари? Зошто ни се? Па тогаш го негираме сето тоа што е направено во нашата револуционерна борба за слобода и држава. Тогаш ги негираме и Делчев и Ченто и новото современо време во независна и суверена Македонија. Не треба да им веруваме на лажговците. Треба да ги именуваме со вистинско име. Треба да им кажеме: Ние не ви веруваме. Премногу време во овие 25 години не лажевте. Не се оди во Европа со коленичење. Европа треба да дојде тука и да признае дека тоа што го правиме е доволно. Дека тоа што го правиме е посакувано, дека е добро, прво за нас Македонците, а потоа и за европјаните. Само така ние ќе бидеме свои на своето. Само така каменот ќе си тежи на своето место и само така може да создадеме македонски ‚Бели мугри' во темните хемисфери на македонската свест, и тогаш да ја бараме нашата европска ѕвезда, но секогаш преку Беломорјето“,* заврши Ѓорчев.

**За сè може да преговараме, но за идентитетот на Македонија, никогаш и никаде. Затоа, сите треба да се сплотиме бидејќи имаме и што да чуваме и што да браниме. Само заедништвото и обединувањето носат промени кои ќе ја извадат Македонија од овој ќор-сокак**, ова беше пораката од Форумот за зачувување на нашиот македонски идентитет.

# КАДЕ ЧЕКОРИ МАКЕДОНИЈА НА ЕКОНОМСКИ ПЛАН?

Од осамостојувањето до денеска, Македонија изгуби драгоцени години и децении на економски план. Каде потфрлија владите? Реформи почнуваа, се стопираа, се креираа нови, но ретко се довршуваа. Имаме ли капацитет за да завршиме нешто докрај и да ја подигнеме економијата на едно повисоко рамниште?




ТРАЈАН АНГЕЛОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗОТ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ:

***ВЛАДАТА** ФОРСИРА **СТРАНСКИ ФИРМИ**, А ТИЕ **БАНКРОТИРААТ,** УШТЕ ЕДНА ИНВЕСТИЦИЈА ВО **БУНАРЏИК ПРОПАЃА!***

Според Трајан Ангеловски, претседател на Сојузот на стопански комори, шансите за влез во Европската Унија се прилично лимитирани. Тој смета дека прашањето за македонски идентитет во економска смисла најдобро би можело да биде одговорено ако се избројат успешните македонски деловни приказни. За жал, вели тој, тие можат да се избројат на една рака. Во делот на инфраструктурата, исто така, сме во многу лоша состојба. Иницијативата „Отворен Балкан" е многу добра идеја, но Ангеловски смета дека нема економски пристап кон работите.

*„Ако сакаме да добиеме поголемо почитување од нашите соседи, европски партнери итн., ние мораме да ја издигнеме економијата на највисоко ниво. Тоа во македонски рамки, без раст од 5% не би требало да има никаков разговор. Оваа година се предвидува некоја инфлација од 3%, а раст на БДП од 2 и нешто. Се поставува прашање: ќе има раст или ќе има пад? Има и позитивни примери. Виното во последниве неколку години, гледаме, брендингот и пристапот кон производство на вино бележи еден многу позитивен тренд. Тоа е една успешна приказна, но тоа е само една ластовичка, знаете. Една ластовичка не ја прави пролетта. Затоа ние континуирано бараме, се залагаме и инсистираме дека би сакале да одиме кон ЕУ, но мораме да воспоставиме европски правила на однесување и европски услови за македонските компании"*, вели Ангеловски.

Претседателот на ССК зборуваше и дека македонскиот бизнис добива впечаток дека македонските власти ги форсираат странските инвеститори пред домашниот бизнис и се натпреваруваат со соседите да им овозможат што е можно подобри услови. Предупредува дека не е само компанијата што требаше да произведува електрични автомобили во тетовската зона во стечај, туку имало најави за уште еден стечај на странска фирма што работи во Бунарџик и ангажира илјада лица.

*„Ако имате 16 илјади вработени во*

***зоните и ако ви банкротира една голема компанија што вработува илјада луѓе, вие губите 10-ина проценти од ангажираните луѓе. Од друга страна, имате 75 до 80 илјади македонски компании. Која има еден, двајца, три, пет, десет вработени. Секогаш е попаметно да се инвестира економски во пораситнето портфолио, каде што нема директно да зависите од голем број вработени лоцирани во еден правен субјект. Замислете ако една фирма со 5.000 вработени во Битола, на пример, затвори, што ќе се случи со луѓето од тој град следниот ден?"***, прашува Ангеловски.



## ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ИВАНОВСКИ, ПРОРЕКТОР ЗА НАУКА И РАЗВОЈ, УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ:

## „***ИНФЛАЦИЈАТА*** *ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА* ***НÈ МАЧИ, БУЏЕТСКИОТ ПРОСТОР*** *ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ* ***СЕ СТЕСНУВА!***

Професорот на Универзитетот Скопје Зоран Ивановски предупредува дека инфлацијата ќе продолжи да ги „мачи" македонската економија и граѓаните и во следните две години. Се очекува присуство на затегната монетарна политика и повлекување на фискалната власт од посериозни буџетски интервенции.

***„Овој нов закон за нефер трговски практики, за затегање на цените и слично, покажува дека речиси и да нема пари за посериозни државни интервенции. Сега ќе пробаме со некои законски решенија и нешто слично да ја контролираме инфлацијата. Морам да ви кажам дека такво нешто во економската теорија и практика не може да биде прифатено и не функционира. Може, според ЕЦБ, да очекуваме инфлација од 3,2% годинава и 2,1% догодина. Не можеме да очекуваме брзо да се реши инфлацијата. Сведоци сме дека нашата НБМ ја задржа референтната каматна стапка на 6,3%. Тоа сигнализира висока претпазливост, односно високи фактори на ризик"***, вели тој.

Владата потроши 3 милијарди евра поделени во 9 пакети мерки, но според него, со ограничен ефект.

Професорот Зоран Ивановски е decиден – ако сака Македонија да оди напред, економијата мора да остварува раст на БДП од најмалку 5% секоја година. Само на тој начин можеме економски да го достигнеме побрзо нивото до земјите членки на Европската унија.

***„Тоа е минимална стапка и таа да биде издржлива. За да се достигне, според мене, треба да го промениме економскиот модел. Колку и да звучи дека е страшно и непријатно, мислам дека е тоа реалноста. Кај нас оваа либерална демократија се претвори во нешто спротивно и економскиот модел граден според неа гледаме дека нема ефект"***, вели Ивановски.



ПРОФ. Д-Р БЛАГИЦА НОВКОВСКА, УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ:

## „ **НЕДОСТИГОТ** *ОД ЕКОНОМСКИ* **ИНТЕГРИТЕТ,** *ОД ЕКОНОМСКО* **ДОСТОИНСТВО**, *ГИ ТЕРА* **МЛАДИТЕ ДА ИЗБЕРАТ ДРУГА ЗЕМЈА.** *НЕ САМО НИВ, ТУКУ И НИВНИТЕ РОДИТЕЛИ!*





Критикувајќи го високото ниво на иселување, професорката Благица Новковска вели дека тоа е очекувано бидејќи пензионерите како категорија која најмногу придонела за функционирање на државата во изминативе три децении, треба да молат за минимално зголемување на своите приходи, а работоспособното население во своите средни години не може достоинствено да живее од своите примања. Најлоша е состојбата кај студентите, кои не гледаат иднина во државата и кои се минимално или не се воопшто поддржани.

*„Ако сум јас млад човек и во позиција да размислувам, ќе се прашам: сега кога ќе влезам да студирам, што ме очекува? Каков квалитет на образование, какви бенефиции, каква поддршка? Исто така, ќе се прашам: ќе завршам, ќе бидам овде, ќе се вработам, кои се можностите за кариерен развој? Никакви или минимални. Зборувам генерално. И што ме очекува кога ќе дојдам во она старо доба? Недостоинствен живот, а сум придонел многу. Економското недостоинство, односно немањето соодветен економски интегритет, прави младите да си ги дадат одговорите на овие прашања и да одлучат каде ќе заминат. Најчесто бираат таму каде што ќе го добијат она што го нема овде“*, вели Новковска.

Според професорката, треба да загрижува фактот што многу млади заминуваат трајно од државава, но со нив заминуваат и нивните родители. Алармира дека економските бројки на државата веќе одамна се во црвената зона, а сиромаштијата зема замав.

*„Беше неколку пати спомнато дека Македонија не е сиромашна земја. Јас се согласувам. Македонија не е сиромашна земја, македонскиот народ е сиромашен. И се поставува прашањето: а кој е сиромашен, колку е сиромашен, колку е длабока сиромаштијата? За жал, ќе кажам, бидејќи и за тоа сум експерт, дека ние сè почесто зборуваме не за сиромаштија, туку за беда. И беше спомнато дека не сме толку сиромашни затоа што имаме огромен фонд станбени единици, имаме огромен фонд земја, а таа е во 80 или 90 проценти на населението. Но јас тука би додала: да, можеби не сме толку сиромашни, но сме нееднакви. Заборавате дека можеби многу поважно од сиромаштијата е да ја измерите нееднаквоста. А, за жал, во Македонија е огромен јазот, огромна е нееднаквоста, само во 4-5 проценти, а сега можеби тој јаз се зголемува, е сконцентрирано се“*, завршува Новковска.



ДОЦ. Д-Р ВИКТОРИЈА ТРАЈКОВ, УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ, КАРИЕРЕН ДИПЛОМАТ:

*НА ЕВРОПСКИОТ ПАТ, НЕ МОЖЕ* ***МАКЕДОНИЈА*** *ДА* ***ДАДЕ СÈ****, А ЗА ВОЗВРАТ ДА НЕ* ***ДОБИЕ НИШТО!***

Професорката Викторија Трајков, зборувајќи за заштитата на брендовите што произлегуваат од Македонија, вели дека ги има многу малку. Смета дека определбата кон ЕУ е во ред, но граѓаните не треба да се доживуваат како Северномакедонци, ниту пак, брендовите да се етикетираат како северномакедонски.

***„Да, сум за Европа, но не за една скапо платена кампања за Европа, туку Европа да биде Македонија и сите оние принципи и правила што важат за Европа, да важат и за Македонија. Не Македонија да даде сè, а за возврат да не добие ништо. Не само што не го заштитивме македонскиот бренд, туку имаме уште многу, многу работа, затоа што Македонија е една непресушна ризница како на радиција, фолклор и сето она што се нарекува македонско, така и на сето она што Македонија го создава, го произведува под своето сонце“***, вели Трајков.

## МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, ИСТОРИЈА И КУЛТУРА – ДАЛИ ГИ ЗАШТИТИВМЕ ДОВОЛНО?



Д-Р ЕЛКА ЈАЧЕВА-УЛЧАР, ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“:

*СЕ* ***ОТКАЖАВМЕ*** *ОД* ***ИСТОРИЈАТА*** *НА* ***МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК!***

*„Македонскиот јазик во изминатите години ги доживува своите најдраматични моменти. Ги изгуби позициите што веќе ги имаше пред својата стандардизација. Небулозно е да се дискутира дали постои или не!“*, категорична е д-р Елка Јачева-Улчар од Институтот за македонски јазик. Таа е загрижена бидејќи македонскиот јазик се враќа на позиции за кои е тешко да се вратат назад.

*„Со таа еднострана изјава потпишана од наша страна, излегува дека нашиот јазик започнува во 1945 година. Ние практично се откажуваме од историјата на македонскиот јазик. Тоа не соодветствува на реалноста, па и на научната вистина. Од друга страна, ние правиме и просторно ограничување на јазикот, затоа што во таа еднострана изјава се вели дека македонскиот јазик е јазик на Република С. Македонија. Практично јазикот е официјален во државните рамки. Со тоа, ние добиваме еден непознат ексклузивитет во европски рамки, бидејќи не постои јазик кој завршува на самата државна граница“*, вели Јачева-Улчар.

Според неа, има многу празнини кои ѝ недостасуваат на македонистиката, на науката, кои ќе мора да се пополнат. Како пример, го наведе Институтот за македонски јазик од каде што доаѓа, на кој не се финансираат научни проекти веќе 14 години.

На прашањето дали има Македонија борци за јазикот, Јачева-Улчар одговара дека јазикот не може да се зачува толку лесно. Тој ќе биде жив додека живее и последниот Македонец што зборува македонски. Според неа, за да остане јазикот витален, потребен е што поголем број говорители на јазикот.

*„Ние треба час поскоро да почнеме да работиме секој во својата област. Да ја зацврстиме земјата, да ги задржиме младите. За жал, бројот на говорители на македонскиот јазик рапидно се намалува. Имаме цели села опустени, таа средна генерација масовно заминува од земјата. Македонија, за жал, се претвора во една земја на стари луѓе, и затоа треба час поскоро да работиме на економското зацврснување“*, вели Јачева-Улчар.



## ПРОФ. Д-Р НАТАША КОТЛАР, НАЦИОНАЛЕН ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА:

## *ОБИДИТЕ ЗА **БРИШЕЊЕ** НА **ИСТОРИЈАТА** МОЖАТ ДА СЕ **СПРЕЧАТ** СО **СОВЕСТ, ЗНАЕЊЕ, ЧЕСТ!***

*„Институциите треба да го чуваат, да го градат и да го развиваат идентитетот. На Македонија ѝ се случи политички партии да дрзнат да се мешаат во македонската историја, наука, култура. Затоа, наместо да го развиеме, идентитетот треба да го штитиме*

*„…уште долго време, бидејќи имаме таква политичка конјуктура што не знае дека во своите институции има луѓе, знаење кои треба да ги црпи и да ги вгради во она што го нарекуваме македонски идентитет“*, вели Наташа Котлар од Институтот за национална историја.

*„Обидите за бришење на историјата можат да се спречат со совест, знаење, чест“*, вели Наташа Котлар и додава дека политичарите што ги направиле овие промени многу лесно ја добиле власта, но не умеат како да владеат. За да се вратиме на првобитните позиции, на земјава ќе ѝ треба наука, култура, фолклор, меморија, сеќавања. Сето тоа треба да биде во доменот на институциите.

*„Ако сакаме да ја заштитиме историјата и народот кој создава историјата, ќе почнеме да ги почитуваме институциите и луѓето што знаат и се чесни, совесни и имаат волја, бидејќи не можете да градите држава, а да ви е Архивот во мувла, а Институтот за национална историја да ви биде кокошарник“*, завршува Котлар.




## ПРОФ. АТАНАС КОНЕСКИ, ФОНДАЦИЈА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „НЕБРЕГОВО“:

## „ *ВДАХНОВЕНИТЕ* ***ЛУЃЕ*** *ГИ* ***ВДАХНОВУВААТ*** *ДРУГИТЕ!*

Проф. Атанас Конески, генерален секретар на Фондација за македонскиот јазик „Небрегово“ со свјот остар ум, животна мудрост и бескрајна посветеност кон ликот и делото на Блаже Конески, постојано го нагласува значењето на македонскиот јазик. Во својата книга „Вдахновенија“ посебно место му дава на јазикот. Проф. Конески, рече дека со овој Универзитет го поврзуваат многу работи: почитуваниот татко на ректорот, негов пријател, но и сите напори на Универзитетот да чекори по стапките на Конески и на Мисирков“.

## ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ-КАМИКАЗА, АКТЕР, МУЗИЧАР И УМЕТНИК:

## „ *ПЕАМ* ***САМО*** *НА* ***МАКЕДОНСКИ!***



Петар Георгиевски-Камиказа, актер, музичар и уметник најголем белег остави со култната „Меморија“. Зборуваше за возобновувањето на Скопскиот фестивал и што е потребно да се врати македонската музичка пролет. Раскажа приказни од минатото и потенцираше: *„Пеам само на македонски!“*

# ЗАГЛАВЕНИ ОДНАДВОР И ОДНАТРЕ: ПАСОШКАТА КРИЗА ЈА ПОКАЖА НЕФУНКЦИОНАЛНОСТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

## КРИЗАТА НАЈМНОГУ УДРИ ПО БИЗНИСОТ

Хаосот со издавањето на личните документи и патни исправи во Македонија неодамна кулминираше до точка на вриење. Како гром од ведро небо беше најавата од страна на владините институции дека од 13 февруари 2024 година престануваат да важат патните исправи и возачките дозволи со името Република Македонија и дека во важност ќе бидат само патните исправи и возачки дозволи со името Република Северна Македонија.

***„Согласно веќе донесените законски измени, а во врска со Преспанскиот договор, престануваат да важат патните исправи со името Република Македонија и во важност ќе бидат само патните исправи со името Република Северна Македонија“***, информираа од Министерството за внатрешни работи на 11 февруари годинава.

Но, и покрај тоа што ваквата информација месеци наназад „бледо“ се споменуваше, најголем дел од граѓаните не веруваа дека 13 февруари ќе биде крајниот рок. Отсуствуваше поголема информативна кампања од страна на државните институции, па се создаде некакво мислење дека овој рок ќе се пролонгира.

Новонастанатата ситуација создаде хаос, како меѓу граѓаните што живеат во земјата, така и меѓу нашите државјани што работат во странство.

Заглавени на еден или друг начин беа сите граѓани што ги немаа документите со новото име, оние што се наоѓаа во странство на привремена работа и кои имаа пасоши со старото име, транспортерите, како и оние што планираа наскоро да патуваат надвор од државата.

Сите со „дрва и камења“ обвинуваа за неспособноста и нефункционалноста на системот во државата и нарушување на слободата на движење на граѓаните, па се закануваа и со тужби кон државата.

Проблемот со личните документи за македонските граѓани настана како последица од обврската преземена со Договорот од Преспа, а во него стои дека сите документи на кои стои старото име, ќе бидат променети за пет години од стапувањето во сила на Договорот. Проблемот за кои многу граѓани негодуваа е зошто во меѓувреме, откако се потпиша Договорот од Преспа, се издавале документи со старото име, а сега повторно да треба да се менуваат.

Медиумите беа сведоци за хаосот, турканиците во пунктовите за сликање и издавање патни документи што беа под

# АНАЛИЗА




*Извор: Ристе Камчев*



секакво човечко достоинство, се чекаше од утро до вечер, а имаше и случаи кога по долгото, чекање некои граѓани колабираа.

Во меѓувреме, атмосферата беше дополнително вжештена по информацијата дека нема доволен број обрасци за изработка на пасошите.

Да биде иронијата поголема, ниту една земја, без разлика дали е во ЕУ или не, немаше одлука дека од посочениот датум нема да прима македонски граѓани со стариот пасош, туку нашето министерство за надворешни работи самото испраќаше дописи дека патните исправи со „Република Македонија" се неважечки иако се со важечки датум.

Но, тоа барање не е задолжително за голем број држави, па затоа и денеска имаме голем број држави од ЕУ и од регионот што ги прифаќаат старите пасоши, со што се создаде една целосна конфузија меѓу граѓаните.

Покрај пасошите, неважечки станаа и сообраќајните и возачките исправи со старото име, но по силните реакции на јавноста, Собранието направи измени само за возачките дозволи. По брза постапка се изгласаа измените во Законот за безбедност на сообраќајот, со што се овозможи датумите со важност на возачките дозволи со старото име на државата, наместо до 12 февруари, да продолжат да важат до 31 декември 2024 година за внатрешна употреба.

Личните карти засега се користат и како патен документ во земјите од регионот – Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

Она за што пратениците се договорија без проблем и за што направија измени на Изборниот законик се изборите. За овие избори ќе важат и старите и новите документи, па дури и тие што се истечени, но не повеќе од девет месеци до датумот на одржување на изборите.

# БИЗНИСОТ ТРПИ ШТЕТА, РЕАКЦИИ ОД СИТЕ СТРАНИ – ПРЕВОЗНИЦИ, ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ, РАБОТНИЦИ НА БРОД



**Зоран Кочоски, сопственик на „Коузон“.**
*Извор: Телма*

Вжештени беа телефонските линии од страна на нашите граѓани што работат во странски држави. Со прекин на договорите за работа се соочуваа многумина од нив, оние што работат на брод, семејства што живеат далеку од Македонија и не биле информирани за оваа одлука, граѓани заминати на далечни дестинации од разно-разни причини.

Голем број од нив се пожалија дека поради пасошот што стана одеднаш неважечки, им се прекинувале договорите за работа и визите, па беа принудени да се вратат дома. Но, и тоа беше тешко бидејќи патниот лист со кој единствено  можеа да се вратат во својата земја, требаше да го подигнат во амбасадата или конзулатот на Македонија во најблиската држава, а тоа за некои беше оддалечено и илјадници километри. Ова особено го почувствуваа превозниците, кои не можеа да си ја вршат работата или едноставно останување заглавени низ Европа.

За тоа со какви проблеми се соочуваа граѓаните што работат надвор од Македонија или тие што планирале да заминат да работат надвор од државата, зборуваше Зоран Кочоски од агенцијата „Коузон“, која посредува за работа во странство на повеќе програми како „Работи и патувај“, работа на брод или работа во некои западноевропски земји.

Тој за медиумите изјави дека кај граѓаните што се на привремена работа во странство и кои немаат пасош со новото име, постои огромна тензија.

***„Има граѓани со регулиран престој, ама со пасош со старото име. Тоа е сега ставено под знак прашалник, проблемот е многу сложен и грешка е што државните институции навреме не реагираа за да се избегне овој хаос. Требаше најмалку една година претходно државните институции да бараат граѓаните да ги променат документите“***, изјави Кочоски, сопственик на „Коузон“.

Според него, до ваков хаос дошло поради непрофесионалноста на институциите, кои и во 2020 година издавале пасоши со старо име.

***„Непрофесионализмот на државните институции доведе до овој хаос. Како може некој да издаде пасош во 2021 година со важност од 10 години кога знае дека тој пасош ќе биде валиден до 12 февруари 2024 година? Ако немало нови обрасци и требало усогласување, требало да ја ставаат важноста на тие пасоши само до 12 февруари 2024 година. Така ќе се надминеше дел од тензијата. Кога давате валидност на пасош во време кога знаете дека не може да биде валиден по 12 февруари, грешката е 100 проценти ваша. Со право граѓаните и сите ние реагираме затоа што сме доведени до позиција да не знаеме како понатаму. Има заглавено луѓе со пасоши, но и со возачки дозволи. Што ќе прават тие што излегле со возило, а имаат возачка со име Република Македонија, како ќе се вратат со сообраќајните дозволи во државата,***

*дали ќе важат патните листови и за возилото, како ќе се вратат назад во Македонија тие камиони што ги има повеќе од 1700 со македонски документи? Тоа е сето грешка на државните институции и некој мора да сноси одговорност“*, изјави Кочоски.

Ваквата состојба вели тој, придонесе за многу негативен имиџ за Македонија и за многу негативен набој кај македонските граѓани, а некои дури сакаат и да се откажат од македонското и да го земат кое било државјанство само да не го трпат ова од македонските институции.

Тој даде и еден пример за Македонец што работи на брод, но компанијата му го прекинала договорот за работа затоа што имал невалиден пасош, а вели дека поради невалидни пасоши имало заглавени луѓе низ цел свет.

## ПО КОВИДОТ, ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ ПОВТОРНО НА УДАР, НО СЕГА ПОРАДИ ПРОБЛЕМОТ СО ПАСОШИТЕ

Зад нас останаа проблемите во сите сектори предизвикани пандемијата со Ковид-19, во која едни од најпогодените беа и туристичките агенции. Ова како да не беше доволно, па сега тие повторно трпат огромни штети поради проблемот со пасошите. Од една страна има откажување на аранжманите, а од друга страна нема закажување нови.

Од туристичките агенции се пожалија дека 20 проценти од пролетните аранжмани се веќе откажани, а намалени се и уплатите за претстојната летна сезона бидејќи граѓаните не знаат дали дотогаш ќе имаат валидни пасоши.

Дел од нив се жалат дека работата им трпи, а засега прават пресметки колку пари ќе загубат, поради што сè уште е неизвесна рефундацијата на веќе резервираните и уплатените авиобилети и аранжмани.

Овен што нема уплати за летната сезона, аранжмани се откажаа за 8 Март, Велигден, 1 Мај.

Агенциите ја обвинуваат државата дека била неажурна и дека поради тоа трпат огромни загуби – непополнувањето на бројката на групите значи и плаќање пенали. Агенциите имаат проблем и со бродските компании и со реномираните хотели, кои не враќаат пари за веќе договорени патувања.

Оттаму објаснуваат дека дури и дел од оние што имаат нов пасош би можеле да извисат бидејќи агенциите ќе мора да откажуваат цели аранжмани ако не успеат да го пополнат минималниот број патници.

Туристичките агенции повторно на удар.



## ПО АЛАРМОТ СО ПРЕВОЗНИЦИТЕ, НАЈДЕНО РЕШЕНИЕ

По алармот што го вклучија превозниците дека како резултат на проблемот со пасошите, над 200 професионални возачи во државата се принудно паркирани, односно не можат да излезат и да возат во земјите низ Европската Унија, на седница на Владата се донесе одлука за воспоставување брза лента за издавање патни документи за сите професионални возачи. Со одлуката се опфатени сите транспортери и превозници што поседуваат валидни сертификати за професионални возачи, на кои им се овозможи по приоритет да ги заменат патните документи со цел континуирано извршување на работните обврски.

Постапката за пријавување се извршува преку здруженијата и асоцијациите на транспортерите, со што листите со професионални возачи ќе се достават до Министерството за транспорт и врски, кое ќе ја проверува валидноста на сертификатите, а понатаму ќе ги проследува до Министерството за внатрешни работи.

*„Изнаоѓаме решение како Влада за издавање патни исправи на брза лента со цел да ѝ излеземе пресрет на оваа многу значајна дејност за државата, имајќи предвид дека околу 90 проценти од товарниот транспортот во државата се врши по патниот сообраќај. Од транспортниот сектор многу зависи домашната економија, и затоа сакаме да овозможиме транспортот да не трпи поради состојбата што ја имаме во моментов со патните исправи. По барањето на здруженијата на транспортери, разговаравме, по што Владата ја усвои таа информација и МВР се задолжи да ги забрза процедурите за професионалните возачи“*, изјави министерот Бочварски.

Во меѓувреме, надлежните информираа дека се набавени нови обрасци и дека се отворени нови пунктови, сè со цел да се забрза издавањето на патните документи.

**Превозниците издејствуваа брза лента.**
*Извор: МИА*




UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# ЗОШТО ДА ЗБОРУВАМЕ МАКЕДОНСКИ?

„Јазикот јет средство, со које није познаамe шчо мислит, шчо осек'ат и шчо сакат нашиот собеседник. Во јазикот се имаат оддел'ни гласовни знакои или зборои за сите мисли, осеќајн'а на један чоек, за то јазикот на један народ јет негоо духовно богатство и наследство, со које се закл'учуваат, отпечатани во гласовни знакои или зборои, сите народни мисли, осеќајн'а и сакајн'а, со који имат живено и живит један народ и који се предаваат, како нешчо свето од једно поколен'е на друго. Да сочуат некој својот народен јазик, и да го бранит како светин'а, значит да останит он верен на дуот на својите предедовци и да уважаат сѐ, шчо имаат они напраено за својето потомство.“

**Крсте Петков-Мисирков,**
**„За македноцките работи“,**
**Софија, 1903**

# КОЛУМНА

**Пишува: м-р Милица Петрушевска, лектор на Универзитетот Скопје**





М-р Милица Петрушевска, лектор на Универзитетот Скопје.

## ЗА ЈАЗИЧНАТА СРЕДИНА ВО КОЈА ИЗРАСНАВ

*„Ако сакаш да станеш академски граѓанин на оваа земја, мораш да научиш да зборуваш правилно македонски!“*

Ова се зборови на мојот татко, врежани во моето битисување уште од најмали нозе. Татко ми имаше обичај да ме исправа кога зборувам, во акцентот, во употребата на зборовите, во начинот на кој се изразував. Чудно ако се знае дека беше припадник на Југословенската народна армија, каде што службен јазик беше тогашниот „српско-хрватски“ јазик, кој тој течно го зборуваше, а го научил на своите студии во Белград. Културолошкиот и јазичниот притисок што го чувствуваше тогаш имајќи предвид дека работеше во служба на повеќенационална федерацијата, го провоцираа македонско чувство кај мојот татко, и тој настојуваше тоа да го изрази преку својот јазик и начинот на кој нè воспитуваше.

Кај нас дома никогаш не се зборувало на дијалект иако и двајцата мои родители

потекнуваат од светиниколско. Обајцата, од најрани години преселени во градот, мајка ми во Скопје, а татко ми во Куманово, по дома го зборуваа јазикот што го примиле во своето основно образование, македонскиот литературен јазик, со примеси на разговорен јазик во поопуштена домашна атмосфера. Кумановскиот дијалект на татко ми беше резервиран исклучиво за комуникација со неговото поблиско семејство, неговите сестри и родители, или, пак, за приказните за добра ноќ на баба ми. Дури и баба ми, во секојдневната комуникација со моето семејство, кога бевме собрани сите заедно, често се обидуваше да го надмине својот кумановски дијалект и да зборува колку што може повеќе литературни македонски.

Денеска, за мене знаат да кажат дека понекогаш зборувам по малку чудно или, пак, на високо ниво. Секогаш кога почнувам да зборувам на посериозни теми, несвесно преминувам од мојот личен разговорен скопски, со примеси од англискиот јазик поради секојдневната изложеност на него, кон стандарден македонски јазик.

Во подоцнежните години од мојот живот, како студент на студиската група за македонски јазик и јужнословенски јазици, а потоа и како магистрант на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на предавањата по лингвистика, научив и сфатив зошто преминуваат луѓето од еден јазичен израз кон друг, појава што се нарекува промена на јазичниот код. Научив и дека покрај тоа што е јазикот главниот инструмент што се користи за комуникација со другите, е исто така основен дел од нашиот идентитет. И јазикот на секој поединец и неговиот идентитет се динамични категории што се развиваат во текот на животот како што се развива и самата личност, под влијание на различни фактори. И двете категории ни се неопходни за интеракција на сите нивоа во средината во која живееме.

Со оглед на времето што го поминуваат родителите со своите деца, во формирањето на нивниот комуникациски стил и градењето на нивниот карактер, семејството е без сомнение најзначајниот фактор во развојот на јазикот на децата, кој придонесува за обликување на нивниот идентитет. Низ деновите поминати во училиште или на студии, го совладуваме стандардниот македонски јазик зајакнувајќи го чувството на заедничка припадност кон една поширока општествена заедница, односно кон нашиот народ. Со стандардниот јазик се надминува и бариерата при комуникацијата меѓу луѓето што зборуваат ист јазик, бариера која е последица на дијалектното раслојување на јазикот поради неговата географска распространетост. Кога созреваме како адолесценти, нашиот идентитет се надградува како што стануваме посвесни за тоа како нè перципираат нашите врсници, што влијае врз тоа да го прифатиме јазикот на нашата социјална, а подоцна и професионална средина за да бидеме прифатени од неа. Така, во зависност во од тоа во кој контекст го употребуваме јазикот што сме го усвоиле додека сме растеле со своите родители и сме се оформувале како личности во семејството, низ образованието и потоа низ професионалната кариера, потсвесно поминуваме од еден во друг јазичен код за да се разбереме со нашиот соговорник, но истовремено и за да ја демонстрираме нашата припадност кон определена заедница, било да се работи за семејството, местото од кое потекнуваме, социјалниот и професионалниот круг на кој му припаѓаме, и на крајот, народот на кој му припаѓаме.

Знаејќи го сето ова, денеска немам многу прашања зошто се употребуваше јазикот во моето семејство така како што се употребуваше, ниту пак за професијата што ја избрав, ниту за мојот денешен јазичен израз, кој понекогаш од некои мои соговорници се перципира како „високо ниво“.



# ЗА ПОЧЕТОЦИТЕ НА ЛИНГВИСТИКА И ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО НЕЈЗИНИТЕ РАМКИ

Лингвистиката е млада наука што го проучува јазикот со кој комуницираат луѓето. Се конструирала кон крајот на 19. век и кон почетокот на 20. век, кога се засилува научниот интерес за теориските проблеми на јазикот. Дотогаш, јазикот се проучувал, пред сè, како средство на културата, во рамките на филологијата.

Денеска во центарот на лингвистичките проучувања е јазикот како средство за комуникација, а во неговите рамки, одделно и јазичните нивоа, нивната интеракција и различните јазични стилови и изрази во различни општествени контексти. Јазикот сфатен како структура во која секој елемент е причинско-последично врзан со другите, отвора нови и нови полиња за истражување врзани со неговата знакова, општествената и психолошка природа.



**Фердинант де Сосир, швајцарски лингвист, татко на лингвистиката.**

**Иван (Јан) Александрович Бодуен де Куртене, полски и руски лингвист.**



Почетоци на лингвистиката се сврзани со името на Фердинанд де Сосир (Женева, 26.11.1857 – 22.02.1913). Тој е меѓу првите што за јазикот зборуваат како за сложена знакова структура, како за систем не еднаш даден и затворен, туку како за еден жив и отворен процес постојано подложен на влијанија и на промени. Неговиот современик, Иван (Јан) Александрович Бодуен де Куртене (1.3.1845 – 4.11.1929), полски и руски лингвист, универзитетски професор во Русија и во Полска и основач на Казанската (подоцна



Естонско-германскиот славист, Леонард Мазинг, автор на првата докторска дисертација за македонскиот јазик.

Петербуршка) лингвистичка школа, во рамките на јужнословенските дијалекти, ги истражувал и „македонските говори“, кои ги изделил како посебна словенска гранка.

За помалку запознаените, ќе нагласиме дека Бодуен де Куртене, паралелно со Фердинант де Сосир, ја поставил теоријата за знаковата природа на јазикот во фонологијата (лингвистичка гранка што се занимава со гласот како основна единица на говорот), а неговата работа има големо влијание врз лингвистичката теорија на 20. век. Тој е првенец на синхрониската лингвистика, односно на проучувањето на современите говорни јазици. Инспириран од својата научна работа, Бодуен де Куртене бил и силен поддржувач на заживувањето на различните национални малцинства и етнички групи. Не толку многу познат факт за пошироката јавност е и дека токму нашиот Мисирков бил негов студент од 1901 до 1905 година и негов пријател.

За тоа дека македонскиот јазик е предмет на интерес на светската лингвистика од самите нејзини почетоци, потврда е и докторската дисертација на естонско-германскиот славист Леонард Мазинг (1845-1936), со наслов „За јазичната определба на македонските Словени“ („Zur sprachlichen Beurteilung der Macedonischen Slaven“), која ја одбранил во 1890 година. Отпечатена е во Санкт Петербург (Buchdruckerei der Kaiserlichen Akademie der Wissenschaften), а една година подоцна, во 1891, исто во Санкт Петербуг, тој го преобјавил својот докторат, вклучувајќи ја кон него и студијата „Кон теоријата на гласовите и акцентот во македонско-словенските дијалекти“ („Zur Laut-und Akzentlehre der Macedoslavischen Dialekte“).

Да нагласиме дека ниту Мазинг не случаен минувач во лингвистиката. Студирал теологија и филологија на универзитетите во Лајпциг, Гетинген и Дорпат, а неговиот најголем придонес е клучниот удел во основањето на германските славистички студии. Сиот академски век го поминал на Универзитетот во Дорпат (денешен Тарту, Естонија), каде што од 1902 до 1925 предавал прво како доцент, а потоа и како вонреден и редовен професор по споредбена славистика.



48241 b.

ZUR SPRACHLICHEN BEURTEILUNG

DER

MACEDONISCHEN SLAVEN.

I. Vertretung von tj und dj.

INAUGURAL-DISSERTATION

ZUR ERLANGUNG DES GRADES EINES DOCTORS DER VERGLEICHENDEN SPRACHKUNDE VERFASST UND MIT GENEHMIGUNG EINER HOCHVERORDNETEN HISTORISCH-PHILOLOGISCHEN FACULTÄT DER KAISERLICHEN UNIVERSITÄT ZU DORPAT ZUR ÖFFENTLICHEN VERTEIDIGUNG BESTIMMT

VON

LEONHARD MASING,

DR. PHIL.

Ordentliche Opponenten:

Doc. Dr. L. v. SCHROEDER. — Prof. Dr. J. BAUDOUIN de COURTENAY. — Prof. Dr. L. MEYER.

St. PETERSBURG.

Buchdruckerei der Kaiserlichen Akademie der Wissenschaften.

(Wassili-Ostrow, 9. Linie, № 12.)

1890.

Насловна страница на докторската дисертација на Мазинг.



Крсте Петков-Мисирков.

# ЗА МИСИРКОВ И ЗА МАКЕДОНСКИТЕ РАБОТИ

**„Јазикот јет средство, со које није познаме шчо мислит, шчо осек’ат и шчо сакат нашиот собеседник. Во јазикот се имаат оддел’ни гласовни знакои или збории за сите мисли, осеќајн’а на једен чоек, за то јазикот на једен народ јет негоо духовно богатство и наследство, со које се закл’учуваат, отпечатани во гласовни знакои или збории, сите народни мисли, осеќајн’а и сакајн’а, со који имат живено и живит једен народ и који се предаваат, како нешчо свето од једно поколен’е на друго. Да сочуат некој својот народен јазик, и да го бранит како светин’а, значит да останит он верен на дуот на својите предедовци и да уважаат сѐ, шчо имаат они напраено за својето потомство.“**

Овој цитат од книгата „За македонцките работи“ (Софија, 1903) од Крсте Петков-Мисирков покажува дека ниту тој не е случајна личност во историјата, ниту пак дека неговото дело е обичен романтичарски вознес на македонскиот 19. век. Во овој кус пасус, но и низ целата книга, Мисирков, дипломец на филолошко-историските студии на Петроградскиот универзитет, јасно се препознава како образуван човек со научно засновани тези. Студент и близок пријател на Бодуен де Куртене, во неговиот пристап кон македонскиот јазик јасно се оцртуваат новите лингвистички теории од времето во кое живеел за општествената, комуникациската и


К. П. Мисирковъ.

ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ

СОФИЯ,
Печатница на „Либералний Клубъ“
1903.

Насловната страница на „За македонцките работи“.

знаковата природа на јазикот.

Освен како средство за комуникација во кој се врежани историјата и културата на неговите говорители, во оваа книга од околу 120 страници, Мисирков го гледа јазикот и како средство за национално обединување и последично за заштита на македонските народни интереси од српската, бугарската и грчката пропаганда, која во голема мера се одвивала преку српските, бугарските и грчките училишта на територијата на етничка Македонија, како и преку религијата, односно јазикот на богослужбата во црквите во времето на Мисирков. За ова тој ќе напише:

„Народните интереси ни налагаат за да ѝ зашчитиме ниф, да браниме нашијот јазик от пропагандите. Тоа бранејн’е ке бидит успешно и ке размрсит сите планои на пропагандите, ако бидит задружно и обшчо. А за да бидит такво, требит со обшчо согласије да се изберит једно наречије за обшч македонцки литературен јазик. [...] Периферијцките наречија, да отстапат место на централното. [...] Около централното наречије требит да се групираат сите наши научни и литературни сили, за да го очистат и обогатат со сокроишча од друзите македонцки наречија и да создадат од него једен убав литературен јазик. На него требит да се создадит једна богата сколијцка, научна и убаа литература, за да можит преку ниф да се раширит низ цела Македонија во вид на литературен јазик, кој шчо ке изместит од неја пропагандцките јазици. А заједно со изместуајн’ето на пропагандцките јазици и со создаајн’ето наш литературен јазик, се изместуваат од Македонија и интересите на балканцките државици и нивното место ке го застапат создадените со јазикот македонцки интереси.“

За дијалектната основа врз која ќе се кодифицира и ќе се гради македонскиот литературен јазик, тој го избира централното наречје, не само затоа што е во центарот на македонската јазична територија, туку и поради тоа што „сет по оддалечени и от србцкијот и бугарцкијот јазикои центрои, состауајки от себе македонцки јазиков центр. И вистина диалектот Велешко – Прилепцко – Битол’цко Оридцки јет јатката на македонцкијот јазик“ (Мисирков, 1903). Овие ставови на Мисирков се совпаѓаат со тие на Мазинг, според кого македонските говори се наоѓаат помалку или повеќе подеднакво оддалечени и од српскиот и од бугарскиот. Тоа, пак, ја потврдува издржаноста на предлогот на Мисирков за јадрото на македонското јазично подрачје врз кое треба да се обликува литературниот македонски јазик, кој би бил во „еквидистанца“ и кон српскиот и кон бугарскиот јазик, како автентично македонски.

## ЗА ЈАЗИКОТ И ЗА НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ

На цитираното дотука од големиот Мисирков, ќе се надоврземе со уште еден цитат од таткото на модерната лингвистика, Фердинанд де Сосир: ***„Обичаите на една нација имаат влијание врз нејзиниот јазик, а за возврат, јазикот е она што во голема мера ја прави нацијата“***. Навистина, и нашиот Мисирков го дели мислењето со него дека јазикот е духовно наследство на еден народ во кој е врежана историјата на неговиот културен и општествен развој, но и дека литературниот јазик е неопходен за афирмација на македонската национална засебност.

Социолингвистиката и социологијата на јазикот дека се сложни околу тезата дека јазикот и националниот идентитет се наоѓаат во длабока и сложена врска. Јазикот дејствува како моќна алатка за изразување на културните вредности, зачувување на наследството и негување на колективното чувство на припадност. Преку својот речник,

граматика и идиоматски изрази, јазикот ги опфаќа уникатните вредности, обичаи и верувања на одредена заедница. Јазичните структури, метафорите и нијансите вградени во јазикот ги рефлектираат историските и културните искуства на неговите говорници, обезбедувајќи медиум преку кој може да се пренесе националниот идентитет. Јазикот дејствува и како обединувачка сила во една нација, собирајќи различни поединци под заеднички јазичен покрив. Заедничкиот јазик овозможува ефективна комуникација, обезбедува поврзување на граѓаните и им овозможува да соработуваат и да формираат социјални врски. Кога определен јазик станува широко користен и признат во рамките на една нација, тој го зајакнува колективниот идентитет и го негува чувството на единство меѓу неговите говорници. Јазикот игра клучна улога и во зачувувањето на наследството на една нација. Ги носи во себе приказните, традициите и мудроста што се пренесуваат низ генерациите. Со зачувување на јазикот, нацијата го обезбедува континуитетот на своето културно наследство зајакнувајќи го својот единствен идентитет. Јазикот овозможува пренос на традиционалните обичаи, на литературата, на народните приказни и на историските случувања, одржувајќи ги живи и релевантни за идните генерации. Јазикот служи и како извор на гордост и идентитет за поединците во една нација. Совладувањето на националниот јазик често се смета за суштинска компонента на националниот идентитет, дозволувајќи им на поединците целосно да учествуваат во културниот, социјалниот и економскиот живот на својата земја. Познавањето на националниот јазик го зголемува чувството на припадност и промовира инклузивност во рамките на националната заедница.

## И НА КРАЈОТ, ЗОШТО ДА ЗБОРУВАМЕ МАКЕДОНСКИ?

Блаже Конески, во духот на Крсте Петков-Мисирков, околу 83 години по издавањето на книгата „За македонцките работи“, во својот напис „Слово за јазикот“ (1986) ќе констатира:

***„За нас повеќе отколку за многу други во светот, јазикот претставува со сè што е на него создадено, како говорен и пишуван текст, најголемото приближување до идеалната татковина, тој е заправо единствената наша комплетна татковина. [...] Затоа и во моменти на ломења, раслојувања и колебања, последно што треба да ни паѓа на ум е да ги поставиме под прашање придобивките на нашата самостојна акција на јазичен план.“***

И ако се вратиме тука на насловот на оваа колумна, се надевам дека многуслојните одговори на прашањето зошто да зборуваме македонски можете да ги најдете во неа. Ќе оставиме секој од вас да го најде одговорот што најмногу му лежи на срце.

Блаже Конески, портрет на Димитар Кондовски.



ТЕМА

# ТРКАТА ПОЧНУВА: КОЈ ОД СЕДУМТЕМИНА КАНДИДАТИ ЌЕ СЕДНЕ ВО ВИЛАТА ВОДНО?



## ПРОФИЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ КАНДИДАТИ

Дали ќе ѝ донесе среќа на земјава бројот седум, кој се смета за еден од најсреќните броеви, со изборот на еден од седумте кандидати на седмите по ред претседателски избори во Македонија? Кој ќе седне во вилата Водно, ќе се знае по 8 мај, кога е вториот круг на претседателските заедно со парламентарните избори. Првиот круг ќе се одржи на 24 април, а досега Македонија само еднаш избрала претседател на државата во првиот круг.
Тоа се случи во 1994 година, кога Киро Глигоров со освоени 715.087 гласови го победи професорот Љубиша Ѓеоргиевски.

На овие претседателски избори, од петнаесет кандидати, само седум успеаја да обезбедат влез во претседателската трка преку граѓански потписи. На гласачкото ливче на 24 април ќе се најдат Стево Пендаровски како кандидат на СДСМ, професорката Гордана Силјановска-Давкова поддржана од ВМРО-ДПМНЕ, Максим Димитриевски од




Седумте претседателски кандидати на изборите во 2024 година.
*Извор: Ристе Камчев*

движењето ЗНАМ, професорката Билјана Ванковска како кандидат на Левица, Бујар Османи од ДУИ, Арбен Таравари со поддршка од здружената албанска опозиција и Стевчо Јакимовски од ГРОМ.

Останатите осум кандидати не успеаја да обезбедат влез во претседателската трка преку граѓански потписи. Меѓу нив е Мерсиха Смаиловиќ како кандидат на Бошњачкиот демократски сојуз со 3.246 потписи, која беше најблиску до целта. Зад Ѓорѓи Манасков застанаа нешто помалку од 500 граѓани. Надвор од трката останаа и докторот Вело Марковски со 1668 потписи, Зорица Цветковска од партијата Десна со 293 потписи, а господинот Поповски доби поддршка од 147 граѓани. Без ниту еден потпис е Томе Николоски, а Гоце Ристов и Драган Николовски, кои поднесоа иницијативи во последните три дена, завршија со 6 и 8 потписи соодветно. Сите тројца до последниот ден останаа непознати за јавноста.

## ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Според македонските закони, кандидатот за претседател може да победи во прв круг ако освои над 50% од гласовите на сите регистрирани гласачи во избирачкиот список. Ако не се случи ова, се одржува втор круг избори, во кој се натпреваруваат двата кандидата со најмногу гласови од првиот круг. Одзивот во вториот круг треба да биде над 40% за да се смета гласањето за важечко.

Ако и во вториот круг гласање ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

Според Уставот, претседателскиот кандидат треба да има над 40 години и да биде жител на државата најмалку 10 од последните 15 години. Еден мандат на претседателот трае 5 години, а еден претседател може да биде на должноста најмногу два мандата.

Во оваа анализа ќе направиме профил на сите седум претседателски кандидати што официјално ќе се тркаат за гласовите на граѓаните.

## ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА-ДАВКОВА, ПОДДРЖАНА ОД ВМРО-ДПМНЕ



Гордана Силјановска-Давкова по втор пат ќе се обиде да влезе во вилата „Водно“. Пред пет години беше поразена токму од актуелниот претседател Стево Пендаровски. Поддржана е од ВМРО-ДПМНЕ, иако не е член на партијата.

Силјановска Давкова е родена на 11 мај 1953 година во Охрид. Таа е  универзитетски професор, правник и пратеник во Собранието на Македонија.

Основно и средно образование завршила во Скопје. Дипломирала на Правниот факултет во Скопје, каде што и магистрирала. Докторирала пред комисија предводена од проф. Франц Град со „Cum laude“ на Правниот факултет во Љубљана, на тема „Локалната самоуправа – помеѓу нормите и реалноста“ во 1994.

Била избрана за асистент по предметот политички систем на Правниот факултет во Скопје во 1989, за доцент по уставно право и политички систем во 1994, а потоа и за редовен професор во 2004 година.

Била член на Уставната комисија на Собранието на Република Македонија во периодот 1990 – 1992 и министерка без ресор во периодот 1992 – 1994, во Владата што ја предводеше Бранко Црвенковски.

Експерт е за избори на ООН и потпретседател на групата Независни експерти за локална самоуправа при Советот на Европа. Член е на Венецијанската комисија. Автор е на стотина научни трудови за уставното право и политичките системи.

Силјановска-Давкова беше дел од Професорскиот пленум во обид да ја одбрани автономијата на Универзитетот кога се носеше спорниот Закон за високо образование. Таа беше дел и од протестот на професорите пред Собранието, каде што одржа говор зошто е погрешно предложеното законско решение.

Силјановска заедно со Пленумот побара и од Иванов да стави вето ако се изгласа законот во Собрание, но по големиот јавен притисок, власта на ВМРО-ДПМНЕ го повлече законот на почетокот од 2015 година.

### Критичар на двојазичноста

Силјановска застана против новиот Закон за употреба на јазиците, со кој дефакто се воведува двојазичност во Македонија на повеќе нивоа вклучително и во сите институции. Таа е еден од фронтмените, заедно со професорката Ванковска и академикот Ќулафкова, за што сите три добија и многубројни етикети од медиумите, особено дека со своите настапи ширеле „албанофобија“ и дека наводно биле блиски




Гордана Силјановска-Давкова.

до политиките на опозициската ВМРО-ДПМНЕ. Секако, Силјановска-Давкова се противеше на ваквите инсинуации и во своите настапи користеше исклучително правни аргументи, особено за постапката во која беше донесен законот со европско знаменце.

## Против Преспанскиот договор

За Гордана Силјановска-Давкова Преспанскиот договор е создаден на бесправен начин и вели дека тоа прашање е отворено. За неа Преспанскиот договор е неприфатлив и покажува дека Македонија е земја во распаѓање, која се ставила во подредена улога во однос на Грција, со дозвола да ѝ се мешаат дрско во внатрешните прашања. Истакна дека ќе го изгубиме најважното – придавката **„македонски“**. Таа, во обемна правна анализа на Договорот за решавање на спорот за името, потенцираше дека се недозволиви уставните измени што се преземаа, дека претставуваат грубо кршење на сите принципи и дека навлегуваат целосно во промена на „историјата, македонскиот идентитет, македонскиот јазик, културата и образованието, политичкиот и административниот систем, Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот“.

Гордана Силјановска-Давкова е една од најобожуваните професорки од страна на студентите на Правниот факултет. Ја опишуваат како извонреден професор и инспирација за нив поради нејзините предавања, професионалност и објективност.

Таа е сопруга и мајка на две деца. Силјановска-Давкова има изјавено дека сака рокенрол и дека во студентски денови ги слушала „Леб и сол“. На овие избори посакува Билјана Ванковска да ѝ биде главен конкурент.



Стево Пендаровски.

# СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ, ПОДДРЖАН ОД СДСМ И КОАЛИЦИЈАТА

Стево Пендаровски по трет пат трча претседателска трка. Има еден неуспешен и еден успешен обид. Првиот пат беше поразен од Ѓорѓе Иванов, а вториот пат ја победи Гордана Силјановска-Давкова, со која и сега ќе се соочи.

Пендаровски е роден на 3 април 1963 година во Скопје. Дипломирал во 1987 година на Факултетот за правни и политички науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, а магистрирал и докторирал на Институтот за социолошки и политички правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Пендаровски е долги години во политиката. Беше советник на двајца поранешни претседатели, Црвенковски и Трајковски, а една година беше и на чело на ДИК.

Бил професор на Универзитетот „Американ колеџ" – Скопје, каде што предавал меѓународна безбедност, надворешна политика и глобализација на Факултетот за политички науки.

Во периодот 1998 – 2001 година, бил началник на Управата за аналитика и истражување во Министерството за внатрешни работи и портпарол на Министерството.

Од 2001 до 2004 година е советник за национална безбедност на претседателот на Република Македонија. Од 2004 до 2005 година е претседател на Државната изборна комисија. Од 2005 до 2009 година е советник за надворешна политика на претседателот на Република Македонија. Од 2016 до 2017 година е пратеник во Собранието на Република Македонија. Од ноември 2017 година, Пендаровски е назначен за национален координатор за НАТО.

За време на актуелниот мандат, во најголем дел ги следеше политиките на коалицијата на СДСМ и ДУИ. Ги потпишуваше сите закони што ќе дојдеа од Собранието. Единствен закон што не го потпиша неодамна е Законот за игри на среќа. Ќе се памети изјавата на Пендаровски дека е неспорна историска вистина оти Гоце Делчев се изјаснувал како Бугарин, како и дијаметрално спротивните изјави околу т.н. француски предлог. Прво велеше дека нема видено никаков француски предлог, а по една недела се пофали дека учествувал во создавањето на содржината на овој предлог. Пендаровски е и првиот претседател што не одржал говор за Илинден на Мечкин Камен во Крушево.

Пендаровски е сопруг и татко на едно дете. За медиумите има изјавено дека ретко гледа филмови, а повеќе сака да чита. Омилен парфем му е „Живанши", ги сака „Бјело дугме", а омилена песна му е „Хотел Калифорнија" од Иглс.



Максим Димитриевски.



# МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ, КАНДИДАТ НА ЗНАМ

Максим Димитриевски е македонски политичар и градоначалник на Општина Куманово од 2017 година. Пред да се кандидира за градоначалник на Куманово, беше пратеник во Македонското Собрание.

Димитриевски беше кадар на СДСМ што одлучи да си замине оттаму откако партијата одлучи да не го поддржи за градоначалник на Куманово.

Роден е на 29 ноември 1975 во Куманово. Основно и средно образование завршил во родниот град, а дипломирал на правниот факултет во Скопје. Во 2011 година изработува публикуван труд: „Вкупни даночни приходи и расходи во ЕЛС со осврт на Општина Куманово“. Магистрира на тема „Ниското ниво на децентрализација – причина за несоодветен развој на единиците на локална самоуправа во Република Македонија“.

Политичката кариера ја започнува како млад активист на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија. Во 2008 година стана дел од Советот на Општина Куманово, а подоцна и претседател, од 2012 до 2016 година. Политичката кариера ја продолжува како пратеник во Собранието на Република Македонија и претседател на Комисија за одбрана и безбедност. На локалните избори во октомври 2017 година, станува градоначалник на Општина Куманово, а во 2021 е  реизбран за градоначалник на општината на локалните избори на 31 октомври како независен кандидат.

Актуелниот градоначалник на Куманово, на бранот на популарноста кај граѓаните, одлучи да се кандидира за претседател на државата. Од неодамна го има и движењето ЗНАМ, кое за првпат ќе учествува на парламентарните избори.

Највпечатлив настап на Димитриевски е тој на бугарската телевизија, кога ја објасни причината за лошите односи меѓу Македонија и Бугарија, како и меѓу Македонците и Бугарите. Тој отворено рече дека е факт оти од 1941 до 1944 година Бугарија била дел од фашистичката коалиција и оти никогаш не се извинила за тоа.

Димитриевски е семеен човек, сопруг и татко на три деца. Хоби му е лов, свирел на труба и како и многу кумановчани, работел во Ирак.




Бујар Османи.

# БУЈАР ОСМАНИ, КАНДИДАТ НА ДУИ ЗА „ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ АЛБАНЕЦ"



Бујар Османи е специјалист хирург по дигестивна хирургија, политичар, моментален министер за надворешни работи на Република Македонија. Османи е роден на 11 Септември 1979 во Скопје, Република Македонија. Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје во 2004 година. Дел од својата специјализација ја завршува во Лондон, Обединетото Кралство. во периодот 2006 – 2007 година, а од 2012 година се стекнува со звањето специјалист хирург. Од 2014 е докторанд на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што докторираше во јули 2018 година.

Своето работно искуство го започнал во 2004 година како доктор на медицина на Универзитетската клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски" во Скопје. Во 2008 година е назначен како министер за здравство на Република Македонија и таа функција ја извршува сè до 2011 година. Од 2011 година е специјалист хирург во Универзитетска клиника за дигестивна хирургија во Скопје. Од јуни 2017 година е назначен како заменик-претседател на Владата задолжен за европски прашања.

На 30 август 2020 година, Бујар Османи е избран за министер за надворешни работи на Република Македонија.

Беше главен во преговорите со Бугарија, се залагаше Македонија по секоја цена да добие датум за почеток на преговорите и да го промени Уставот со внесување на Бугарите. Кулминација на неговиот мандат како шеф на дипломатијата беше Самитот на ОБСЕ на кој Македонија беше домаќин како земја-претседавач. Главно барање во неговата кампања ќе биде избор на претседател во Собранието наместо на избори и воведување на функцијата заменик-претседател. Ветувањето на Османи е дека е дојдено времето за претседател Албанец. Ќе остане запаметен по својата неодамнешна изјава кога кажа дека ако не земе еден месец плата, ќе треба да се задолжи, а за тоа не му верувале пријателите.

***„Пријателите се смеат кога им кажувам дека ако не добијам еден месец плата, јас ќе треба да се задолжам. Тие ми велат, нема шанси, толку години функционер, но ви кажувам најискрено дека еден месец да не ми стигне плата, јас ќе мора да се задолжам за да преживеам"***, кажа Османи.

Нормално, оваа изјава стана тема за потсмев во јавноста, па дури на шега се организираа и кутии за донации за помош на Османи.

Бујар Османи е оженет, татко на три деца. Зборува албански (мајчин јазик), македонски, англиски и делумно француски јазик. Вели дека кога учел, бил буквално бубалица.

# БИЛЈАНА ВАНКОВСКА, КАНДИДАТ НА ЛЕВИЦА

За професорката Билјана Ванковска ова е втор обид да стане претседател. Во претседателската трка учествуваше и на изборите во 2014 година како независна кандидатка, но тогаш не успеа да ги собере потребните 10.000 потписи, иако, како што велеше, имала најмногу лајкови на Фејсбук. Но, едно е Фејсбук, а друго е вистинска поддршка, па затоа таа сега е поддржана од Левица.

Во јавноста стана позната по т.н. професорски пленум во 2015 година, кога се спротивставуваше за измените на Законот за високо образование. Ванковска е и единствениот кандидат за претседател што вели дека Македонија треба да излезе од членството во НАТО бидејќи државата не добива ништо од тоа.

Таа е позната како активист во повеќе иницијативи и организации на цивилното општество. Ванковска е доктор по политички науки, редовна професорка и раководителка на последипломските студии по Мир и развој на Филозофскиот факултет во Скопје. Професор е и на Европскиот мировен универзитет во Шлајнинг, Австрија. Има објавено повеќе книги и 100-тина научни статии и поглавја на повеќе странски јазици.

Ванковска е родена во Скопје на 14 ноември 1959 година. Таа е редовен професор на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Основното и гимназиското образование ги завршила во Скопје како првенец на генерацијата. Правниот факултет во Скопје го завршила во април 1982, а веќе во 1987 година и магистрирала. Докторирала во 1992 година, исто така на Правниот факултет, на тема за улогата на војската во политиката. Почнала да работи како судиски приправник во Општинскиот суд Скопје I, а подоцна, во 1983 година, се вработила како помлад асистент на Филозофскиот факултет во Скопје. Веќе во 1993 година била избрана за доцент, пет години подоцна за вонреден професор, а



Билјана Ванковска.

потоа и двапати, во 2003 и во 2008 година, и за редовен професор. Член е на Стручниот совет за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Активна е и во невладиниот сектор.

Ванковска има објавено преку стотина книги, поглавја и научни статии, најголем број од нив во странство и на англиски јазик. Таа е член е на уредувачките одбори на повеќе реномирани меѓународни научни списанија („International problems“, „Journal of International Relations and Development“, „European Perspectives“, „Human Security“, „Res Militaris“), а ведно била и првиот уредник на научното списание „Безбедносни дијалози“, кое го издава Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во сферата на цивилното општество, таа била ангажирана како раководител на Ресурсниот центар за демократија и безбедност при Институтот „Евробалкан“ – Скопје во периодот 2003 – 2005 година, а во периодот 2005 – 2007 година била член на Бордот на македонскиот Хелсиншки комитет. Во периодот 2008 – 2011 година, таа била јавен заговарач на регионалната иницијатива РЕКОМ – иницијатива за формирање Регионална комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и тешките повреди на човековите права од војните на територијата на поранешна Југославија 1991 – 2001 година. Таа е сè уште активна во рамките на мрежата за помирување на РЕКОМ. Ванковска е мајка на три возрасни деца.


Стевчо Јакимовски.

## СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ, ПОДДРЖАН ОД ГРОМ

Лидерот на Гром за првпат влегува во претседателката трка. Досега има искуство како пратеник, беше и министер за економија и труд и социјална политика, а моментално е градоначалник на Општина Карпош.

Потребните десет илјади потписи ги собра најмногу од својата општина. На последните локални избори ја имаше поддршката од ВМРО-ДПМНЕ, но веднаш потоа Јакимовски излезе од коалицијата и дејствува самостојно.

Стевчо Јакимовски е роден на 27 август 1960 во с. Подржи Коњ, кривопаланечко. По дипломирањето на Економскиот факултет во Скопје во 1987 година, Стевчо Јакимовски волонтирал како новинар во спортската и во информативно-политичката редакција на втората програма на Радио Скопје. Исто така, Јакимовски е поранешен репрезентативец на Македонија во карате и петкратен републички првак.

Стевчо Јакимовски влегол во политиката во 1988 година, како стручно-политички работник во Претседателството на младината на Југославија. Оттогаш, тој бил на повеќе раководни функции.

Во текот на својата политичка кариера, Јакимовски променил неколку политички партии: прво бил член на Либерално-демократската партија, потоа преминал во СДСМ, а подоцна, во 2013 година, ја формира партијата ГРОМ.

Беше министер за економија и за труд и социјална политика во периодот 2003 – 2006 година.

Функцијата градоначалник на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски ја вршел во периодот од 2000 до 2003 година, а потоа, во 2009 година, повторно бил избран за градоначалник на општината.

Првиот мандат како градоначалник на Карпош, Јакимовски го добил како кандидат на Либерално-демократската партија, втората градоначалничка функција ја освоил како кандидат на СДСМ, додека третиот пат настапил како независен кандидат.

Во октомври во 2021 година, на локалните избори се кандидира како кандидат на ГРОМ и по четврти пат ја добива довербата од граѓаните.

Јакимовски беше обвинет во 2018 за злоупотреба на службената положба и овластувањата, односно дека како градоначалник дозволил објектот на Општина Карпош каде што е сместена општинската администрација, да се изгради без одобрение за градба и без соодветна архитектонско-урбанистичка документација. Ова дело застари со амнестијата преку застарување на делата што лани ја изгласа Собранието со измените на Кривичниот законик. Последната одлука со која Стејт департментот го стави Јакимовски на Црната листа, не го поколеба да отстапи од трката за претседател.

Јакимовски е оженет и има два сина. Од времето на неговиот министерски мандат во труд и социјала, остана запаметен по изјавата: „Работниците се заштитени како мечки во планина“. Тој беше еден од политичарите што гласно се заложија за бојкот на референдумот за името, а на денот на гласањето се сликаше како прави ајвар во својот дом.



Арбен Таравари.

# АРБЕН ТАРАВАРИ, ЕВРОПСКИ СОЈУЗ ЗА ПРОМЕНИ



Арбен Таравари е специјалист невролог и поранешен министер за здравство во владата од 2017 година. Моментално е градоначалник на Општина Гостивар.

Таравари е роден на 9 април 1973 во Гостивар. Средно медицинско училиште завршил во „Панче Попоски" во Гостивар, а дипломирал на Медицинскиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 1998. Специјализирал неврологија во 2006, а во 2011 година ја одбранил докторската дисертација од областа на Паркинсоновата болест. Во 2010 година, започнал да биде редовен предавач на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2016 бил претседател на одделот на екстрапирамидални болести при Универзитетската клиника за неврологија, а бил член на одборот на меѓународните медицински списанија „Medicus" и „Vox Medici". Исто така бил раководител на Одделението за мигрена, главоболки и други синдроми при Универзитетска клиника за неврологија. На локалните избори во 2017 година, Таравари станал градоначалник на Општина Гостивар победувајќи го својот противкандидат од редовите на ДУИ, Невзат Бејта. На 29 октомври 2021 година, за време на локалните избори, Арбен Таравари победил во вториот круг и станал старонов градоначалник на Општина Гостивар. Тој ја претставувал коалицијата на Алијанса за Албанците и Алтернатива.

Таравари го наследи Зијадин Села на претседателската позиција во Алијансата на Албанците, но градоначалникот на Гостивар во претседателската трка влегува во период кога во неговата партија има раскол, и судот допрва треба да одлучува дали тој или Зијадин Села е лидер на Алијансата за Албанците.

Неговата партија двапати влегуваше и излегуваше од владата на СДСМ и ДУИ, а сега ќе се бори со свои кандидати за влез во вториот круг. И тој, како и ДУИ, го поддржува барањето за избор на претседател на државата во Собранието, како и на официјализирање на формулацијата „албански јазик" од Законот за јазиците. Таравари е поддржан од албанската опозиција, а поддршка доби и од партијата на премиерот на Косово, Албин Курти. Таравари е оженет со Нора Таравари и е татко на две деца. Зборува албански, македонски, турски, англиски и српски јазик, а за себе вели дека е човек што верува во невозможното.

# МОЈА ОПШТИНА

## ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СОПИШТЕ, СТЕФЧЕ ТРПКОВСКИ



Трпковски: „Се бориме против големите градби, бараме дворови со зеленило и соодносот помеѓу објектите каде што нема да си пречат еден на друг."
*Извор: Архива на општината*

На само седум километри од центарот на градот, се наоѓа една од најеколошките општини, Сопиште, кое лежи на височина од 450 метри. Оваа територија, која се протега на планински и ридски предел, има големо историско значење. Секој што ја посетил, може да забележи недопрена убавина од шуми, ливади, полиња, карпи, но и мал број пештери. Карактеристично на прв поглед за неа е дека се наоѓа на јужната страна на планината Водно. Но, покрај природните богатства, особено големо значење за домашните и за странските туристи е древното минато на овие предели.



Трпковски: „Општина Сопиште ги искористува природните убавини за да развие туризам."
*Извор: factor.mk*

# ОПШТИНА СОПИШТЕ – ЦЕЛА ИСТОРИЈА ШТО РАСКАЖУВА ВИСОЧИНИ СО ПОГЛЕД И ИСКУСТВО ШТО ВРЕДИ



Под нејзина закрила се наоѓа локалитетот „Церје" кај с. Говрлево, за кое при истражувањата е утврдено дека токму на тоа место постоела праисториска македонска држава, а денеска се смета за неолитска населба. Од неа беа утврдени нови сознанија за писменоста, јазикот и културата на древните Македонци. Доказите од материјалната култура на неолитскиот човек пред осум и седум милениуми, беа изложени во Музејот на Град Скопје. Тука е пронајдена и фигурината наречена ,,Адам од Македонија", која е „милениумско откритие". Датира од средината на шестиот милениум п.н.е. и претставува еден од десетте уникатни археолошки наоди во светот. Но, на оваа територија за историско значење се смета и самата населба Сопиште бидејќи датира од времето на Отоманското царство. Маркова Река и трите цркви околу неа се бесценето богатство во овој предел. Една од нив е црквата „Мина", која во списите е забележана како древна и ѕидана од српските цареви. Старите приказни што се пренесувале од генерации на генерации, можат сè уште да се слушнат пред маалските продавници од жителите староседелци. Но, со текот на годините, во атарот што зафаќа речиси 10 километри, некогаш само со стари куќи, денеска полека се градат згради. Населбата Сопиште станува сè побројна и е дом на многу жители. Градоначалникот Стефче Трпковски, поранешен пратеник во Собранието, геодетски инженер, кој дипломирал на Градежниот факултет во Скопје, по вторпат ја доби довербата од граѓаните. Денеска општината се стреми да биде во тек со модерните времиња.

**Општина Сопиште има големо историско значење за државата. Археолошкиот локалитет „Церје“ кај селото Говрлево е еден од оние со кои Македонија може да се пофали и да се натпреварува во рамките на светската историја. Вие повторно ја добивте довербата на граѓаните. Дали постојат проекти со кои наоѓате начин да привлечете туристи во општината?**

Македонија е богата со артефакти. Многу значајни предмети, симболи на времињата што поминале, цела една историја што раскажува. Кој знае уште колку нешта се кријат под земјата и во археолошките наоѓалишта кај нас. Кој знае и колку од нив се изнесени надвор преку сомнителни канали од нашава земја на црниот пазар. И колку има што се чуваат во музеите во околните земји, а кои никако не ги даваат, наши, овде најдени. Локалитетот „Церје“ во Говрлево е заштитено подрачје од национално значење, неговото уредување и промоција мора да бидат усогласени со стратегија на Министерството за култура. Општината Сопиште нема надлежност да го уредува просторот или да ги одредува граници на локалитетот. Да напоменам дека зборуваме за подземен споменик на културата. Општината Сопиште ги искористува природните убавини за да развие туризам, имаме огромен потенцијал за планинарење, екотуризам, органско производство, лов, велосипедизам. Засега ваквите можности ги гледаат само поединци и ентузијасти што самоиницијативно вложуваат во развој и промоција на оваа убавина.

**Новите времиња носат модерна архитектура и поголеми потреби за граѓаните. Во Сопиште во изминатите години може да се забележи градежна експанзија. Колку нудат инвеститорите и решенија со зелена површина кога бараат промени на деталниот урбанистички план, и колку се стремите Вие како градоначалник да ја задржите?**

Стручно кажано, предмет на просторното планирање е организацијата на просторот, уредување на средината и одредувањето на условите за изградба на објекти (домување, работа, изградба, организација на луѓето и друго). Просторот како предмет вреди толку колку можат да го користат луѓето. Затоа просторот сам по себе не е предмет на просторното планирање. Предмет на просторното планирање е и времето што се појавува како динамично, изразено во минато, сегашност и иднина. Според тоа, просторното планирање има просторно-временска димензија, со движење кон иднината. Односно, означува севкупност

**На локалитетот „Церје“ кај село Говрлево е утврдено дека постоела праисториска македонска држава.**
*Извор: Архива на општината*



од она што се случило, она што се случува и од она што ќе се случи. Во просторното планирање, сегашноста лесно се гледа и се оценува без некои тешкотии. Иста квалификација можеме да извлечеме и за минатото. Додека пак, планирањето на иднината е далеку потешко, па не може да примениме планирање врз визионерство. Градот Скопје е нашиот главен мотив, од него го анализираме минатото и сегашноста, и добро може да се перципира иднината. Проблемите од големите градби, соодносот помеѓу објектите, зелените површини и можностите на просторот со ресурсите се клучните параметри во нашето планирање. Едноставно, се бориме против големите градби, бараме дворови со зеленило и соодност помеѓу објектите каде што нема да си пречат еден на друг во погледот или циркулацијата на воздухот.

**Која беше вашата визија за оваа општина уште во првиот, но и во овој трет мандат и колку успевате да реализирате од планираното?**

Како градоначалник на Општина Сопиште, веќе сум на половина од третиот мандат. Времето и искуството ги менува луѓето, но визијата остана непроменета, Сопиште да остане убаво и мирно место за живеење. Локалната самоуправа да има функционален буџет и сите проекти и планови да бидат во согласност со очекувањата на жителите. Фокусот денес е на агилноста и на издржливоста во иста мера колку што е и на идентификување на ризиците и нивната превенција. Генерално, Општина Сопиште се наоѓа во добра позиција, но големите предизвици сè уште се присутни поради непромислени политики од минатото. Можностите и ризиците се директно поврзани со севкупните текови во земјава и во економијата.

**Граѓаните во општината во изминатите години често се жалеа на проблеми со водоснабдувањето, а се случуваше да останат и без вода. До каде е изведбата на овој проект? Колкав дел ќе биде изграден?**

Во Општина Сопиште до 1996 година немало никакво вложување во изградба на инфраструктурни проекти. Сè што е изградено на територијата на Општина Сопиште е од личен самопридонес, со работни акции на жителите на Општина Сопиште. Недостигот од вода сè уште останува главен приоритет за решавање. Во изминатите два мандата, изведовме неколку водоснабдителни проекти во повеќето населени места, но тоа не е доволно и треба уште.

**Трпковски: „Недостигот на вода сè уште останува главен приоритет за решавање.“**
*Извор: Архива на општината*



Главниот проект за решавање на проблемот со водоснабдување е проектот Патишка Река. За жал, предупредувањата од научниците, кои повеќе од 50 години предупредуваат на климатски промени, веќе го живееме. Главниот проект за водоснабдување во Општина Сопиште, проектот од Патишка Река, е стопиран делумно поради прекин во финансирањето, но и делумно поради пресушувањето на Патишка Река како резултат на климатските промени, кои предизвикуваат намалени количини врнежи, особено врнежите на снег. Фокусот денес е во искористување на водниот потенцијал што е на располагање со изградба на водоснабдителни бунари, но паралелно вршиме истражувања и анализи за креирање нов генерален проект за водоснабдување, првенствено од водите на реката Треска.

**Оваа општина со текот на времето станува елитна населба, но недостигаат трговски центри, и останати основни потреби на граѓаните не се задоволени. Вие веќе имавте идеја за градење трговски центар. Дали постои можност да продолжи постапката?**

Во 2017 година започнавме со планирање и проектирање на идејата за изградба на трговски центар. Во 2021 година е издадена градежна дозвола за изградба на ваков комплекс што ќе ги задоволи очекувањата на жителите. Во моментов проектот е закочен во судска постапка повеќе од две години на Управен суд. Може да замислите, предмет до Управен суд две години не бил отворен и решаван, а ние очекуваме суштински промени што ќе ги решат физички потребите. Судската постапка е покрената од поединец што неодамна купил куќа во близина на паркот што ќе биде изграден во рамките на овој комплекс и ги користи сите можни начини да ја сопре изградбата на трговскиот центар. Второстепена комисија при Министерство за транспорт и врски ја одби жалбата како неоснована, и, конечно, во ноември 2023 година, Управниот суд ја одби тужбата против изградбата на трговскиот центар како неоснована. Против оваа пресуда е поднесена жалба последниот ден од истекот на рокот за поднесување жалби до Вишиот управен суд.

**Некогаш оваа населба имала развиен стопанско-економски живот. Колку е денеска развиено стопанството тука и дали успевате да создадете услови компаниите да инвестираат во општината, за подобар локален економски развој?**

Во минатото жителите на Општина Сопиште се занимавале со индивидуално земјоделство и сточарство. Последните две децении е актуелно производството на јагоди и одгледувањето цреши што имаат стабилен и редовен пласман во Русија. Учеството на Македонија во санкциите кон Русија го оневозможи овој пазар и земјоделците се ставени во неповолна состојба. Посериозен капацитет бил и сè уште е Сковин, кој повторно доживува трансформација, сега веќе од приватен сопственик. Местоположбата и релјефот на Сопиште привлекуваат инвестиции, пред сè во секторот домување, домовите за возрасни лица и туристичките капацитети се најчестата инвестиција во последната деценија. Тоа се должи на фактот што сме дијаметрално спротивни од општините што се наоѓаат во рамничарски места, каде што постојат железница, автопат, големи реки, па дури и аеродром. Невработеноста во Сопиште е со многу мал процент, а тоа се должи на можностите во градот Скопје, како и на квалификуваноста и талентираноста на нашите жители. Како простор за лесна и незагадувачка индустрија, Општина Сопиште го нуди делот на Варвара, односно регионалниот пат што води од Батинци кон Македонски Брод.

**Колку имате соработка со властите и помош за предвидените проекти што сакате да ги реализирате?**

Што и да речам на ова прашање, ќе бидам



сфатен пристрасно, но еве ќе набројам неколку проекти и во каква состојба се.

Со средства од Светска банка изградивме нова детска градинка, која сè уште не е пуштена во употреба поради чекања согласности и решенија од надлежни институции.

Со средства од Европската инвестициона банка почнавме со изградбата на втората фаза од канализацискиот систем за населеното место Ракотинци. Иако се парите наменети за Општина Сопиште, тендерската постапка се води преку Министерството за транспорт и врски. За реализацијата на овој проект имаме бројни реакции и несогласувања од нас како институција, но и од жителите на Ракотинци до Министерството за транспорт и врски за работењето на нивниот избор за изведување на овој проект, фирмата „Коп инженеринг“.

На повик за развој на специфични подрачја и на села од Бирото за регионален развој, Општината Сопиште аплицираше за реализација на проектот за патно поврзување на с. Света Петка со регионален пат кон ХЕЦ „Света Петка“. Од Бирото за регионален развој овој проект беше рангиран помеѓу првите три приоритетни проекти од страна на Комисијата за селекција на проекти. Но, покасно, на седница на Владата, овој проект биде заменет со проект за Општина Арачиново.

**Сопиште е една од општините во кои сè повеќе се развиваат спортот и рекреацијата. Се спојува со југоисточните падини на планината Водно. Граѓаните имаат можност да стигнат до врвот на планината од друга страна, а исто така, преку пешачки патеки, се поврзува и со кањонот Матка. Колку вложувате во проекти што ќе привлечат што повеќе спортисти во овој крај?**

Парк-шумата Водно е најзначајниот зелен појас за Град Скопје. Планината Водно со своите геолошки, геоморфолошки и биолошки вредности има посебно значење за неговите жители. Прогласена е за парк-шума во 1976 година, а пренесена под ингеренции на ЈП „Паркови и зеленило“ во 1988 година. Водно и другите места од Општина Сопиште сè повеќе ги привлекуваат туристите и спортистите, особено велосипедистите. Организираме спортски настани и натпреварувања, со што директно ги привлекуваме спортистите. Патеките што

**Трпковски: „Водно и другите места од Општина Сопиште ги привлекуваат туристите, спортистите и велосипедистите.“**
*Извор: Архива на општината*



постојат на Водно се изградени во минатото и ги одржува ЈП „Паркови и зеленило". Исто така, урбаната опрема што се поставува е во организација на ЈП „Паркови и зеленило". За привлекување туристи, доволно е да се одржуваат патеките и урбаната опрема за одмор и заштита, но потребен е и систем за контрола и заштита од моторни возила, криволовство и од диво сечење на шумите на делот кон Сарај.

**Јавниот превоз е еден горлив проблем за сите граѓани во главниот град. Во оваа општина, граѓаните често се жалат дека нема доволно автобуси. Дали имате план за решавање на овој проблем?**

Јавниот превоз обезбедува мобилност и слобода за луѓето и е клучен за достапноста на секој град. Користењето на јавниот превоз треба да биде секојдневна практика. Како локална самоуправа, редовно ги исплаќаме фактурите кон ЈСП Скопје. До скоро, јавниот превозот се одвиваше редовно и комуникацијата со надлежните во ЈСП Скопје беше на солидно ниво. Проблемите со кои се соочува ЈСП Скопје директно влијаат врз квалитетот на живот во нашите населени места. Досега немавме потреба да размислуваме за алтернативи, но како и да е, за регулативата за овој проблем, повторно ќе одлучува градот Скопје.

**Колку често ги слушате проблемите на граѓаните и остварувате средби со нив?**

Денови определени за средба со граѓани се вторник и четврток, но, сепак, средбите се секојдневие и во другите денови. Се сретнуваме и преку месните заедници, каде што клучните прашања ги надминуваме заедно. Многу е мал бројот на жители што ме посетуваат во мојот кабинет, претпоставувам тоа се должи на познавањето на проблемите, можностите со кои располагаме и нашето дејствување на терен. Речиси сите посети се од сопственици на викенд-куќи што се изградени на диво во минатото на некое оддалечено место надвор од урбанистичките планови и програмите за развој и за комунално одржување.

**Многу интересно, пред една година советниците на Општината изгласаа нов грб што користи хералдички симболи, а**

Фигурата на Божицата-Мајка.



**произлегуваат од македонската историја, природните реткости и географските карактеристики на општината. Од каде потекнува оваа идеја?**

Досегашниот симбол на Општина Сопиште датираше од 1996 година и не содржеше никакви хералдички симболи. Новиот грб на Општина Сопиште користи хералдички симболи што произлегуваат од македонската историја, традиционалните обележја, културно наследство, природни реткости и географски карактеристики. Централниот елемент на грбот е стилизирана Божица-Мајка со особености на онаа најдената на територија на општина Сопиште во Говрлево.

Други елементи се грозд и црешов цвет. Тие ја симболизираат лозарската и овоштарската традиција на Општина Сопиште по која сме познати. Дабовото гранче под штитот ги преставува дабовите шуми во општината.

**Колку често се рекреирате и ги посетувате пешачките патеки на планините?**

Шатор поставен на планина, најблиските луѓе покрај вас, поглед и искуство што вреди. Планинарството за човекот во денешно време е најздравата физичка активност, релаксација од психичкиот напор што го доживува на работното место и, општо, од брзото темпо на животот. Општина Сопиште и Македонија изобилуваат со убавини што вредат да се запознаат со одреден физички напор што не преставува опасност за организмот ако е во разумни граници.

Во есенскиот период, во октомври и ноември, доста често пешачиме по планинските патеки, во останатиот дел од годината зависно од временските услови.

**Трпковски: „Шатор поставен на планина, најблиските луѓе покрај вас, поглед и искуство што вреди."**
*Извор: Архива на општината*



# БИТОЛА – ГРАДОТ ПОД ПЕЛИСТЕР Е КУЛТУРНА И ИСТОРИСКА ОАЗА ЗА ТУРИСТИТЕ

**Битола, градот на конзулите, за кој битолчани сметаат дека неправедно е изоставен како главен град на републиката, има и тоа што многу да им понуди на туристите. И покрај тоа што прошетката низ Широк Сокак и центарот е задолжителна активност за посетителите, како и обиколката на потпелистерските села и античкиот локалитет Хераклеја, Битола е многу повеќе од тоа. Еден од омилените градови на Ќемал Ататурк, кој извесно време престојувал во него, местото на процутот на филмската дејност на браќата Манаки, родното место на Стив Наумов, во себе крие многу историски и културолошки тајни што чекаат да бидат откриени од туристите. Сепак, вработените во секторот туризам сметаат дека посетеноста на Битола е разочарувачки мала и дека треба и тоа како да се работи на промоција на атракциите што ги нуди градот под Пелистер.**

## МАНАСТИР – ГРАДОТ НА ВЕРАТА

Ретко кој на Битола гледа како на град што ги обединува религиите. Некако Охрид се издвојува како верски центар на државата, па Битола изгледа како запоставена. А не би требало да биде така ако се знае дека стариот турски назив за Битола е токму Манастир. Битола е денешен официјален назив на градот, но истовремено и најстарото име, нешто што е наведено на Битолската плоча од 1015 година на која е спомнат градот, како и според многуте војсководци на царот Самуил и патниците од тоа време. Постојат приказни според кои на десниот кеј на реката Драгор имало 41 црква и исто толку воденици. На левиот кеј на Драгор, пак, имало 29 цркви со исто толку воденици. За време на празниците во минатото, народот од селата од Битолскиот регион се собирал во овие цркви, каде што ги вршел своите верски обреди. Поради тоа што во овој реон имало навистина многу цркви и манастири, градот го добил името Манастир. Има верзија која вели дека градот Битола името Манастир го добил по една огромна црква што се наоѓала над Битола, кај сегашниот мост викан Црн Мост. Во оваа црква можеле да се сместат сите присутни од селското население од Битолското Поле што доаѓале за време на празниците да ги вршат верските обреди. И во народните преданија забележани од Марко Цепенков е запишано дека Битола бил манастирски центар, во кој седумдесет и два светци се славеле во црквите.



**Црква Свети Димитрија.**
*Извор: bitola.info*



## ЦРКВА СВЕТИ ДИМИТРИЈА

Главен репрезент на православното христијанство во Битола останува црквата Свети Димитрија Солунски. Подигната е во 1830 година на местото на некогашниот стар параклис, кој изгорел во пожар во 1726 година, а камбанаријата е изградена во 1936 година. Изградена е со посебно одобрение на отоманските власти. Посебната дозвола била неопходна затоа што црквата требало да биде скромна и неугледна градба, задолжително пониска од околните џамии. Поради тоа, вкопана е во земја и е изградена за само четири месеци со доброволни прилози од битолските христијани.

Во 2005 година, конзерваторите од Битолскиот завод и музеј и Заводот за заштита на споменицте на културата откриле дотогаш непозната фреска со претстава на Исус Седржител. Фреската е на централниот дел од сводот на црквата, кој повеќе од еден век бил покриен со црнила од горењето на свеќи, така што долго време вредните историски уникати биле непознати.

Внатрешноста на оваа црква е богато разиграна со импозантни галерии на катот, резбан владичин трон, двокатен иконостас во плитка резба и амвон. Иконостасот потекнува од средината на XIX век и е изработен во плитка резба, а подоцна е гипсиран и позлатен. Камбанаријата е од 1936 година и е дело на Александар Дероко.

Денес црквата Свети Димитриј е централна црква во Битола и во неа се одржуваат најголем број венчавки и крштевки, а воедно е и централно место за сите поважни христијански празници.

## ИСАК ЧЕЛЕБИ ЏАМИЈА

Исак Челеби Ибн Иса џамија е изградена во 1506 година. Таа е една од најстарите зачувани џамии во Битола. Наспроти Саат-кулата, и Големиот безистен, оваа џамија чие минаре е високо околу 50 метри, едноставно доминира во просторот. Џамијата била само дел од големиот вакаф на ктиторот, кој освен оваа џамија, имал и медреса, мектеб, 103 дуќани, лозја, 20 воденици и многу други објекти. Целокупниот овој имот требало да биде издржуван од приходите од неговите дуќани во чаршијата, но и од приходите од останатите делови од неговиот имот.

Изградена во техника клоазоне, каде што наизменично се менуваат делкан камен и тула, се добива необичен, но привлечен изглед на овој значаен објект. Самиот влез во објектот всушност претставува влез во двојниот затворен трем на џамијата, кој со својата пространост само ја најавува големината на нејзиниот внатрешен дел.

Играта на боите и формите се отсликува на секој дел од џамијата. Смената на сивоцрната, сината, златната со појаките кобалтносината, темнозеленаата, темноцрвената боја, ѝ дава своевидна посебност на оваа џамија.



**Исак Челеби Џамија.**
*Извор: wikimedia.org*

Нејзината специфичност не може да биде комплетна ако не се спомене позлатената левха во форма на диск, подарок од султанот Решад V, кој своевремено ја посетил Битола, а која и денес се чува со исклучително внимание.

**Јени-Џамија.**
*Извор: рейублика.мк*



## ЈЕНИ-ЏАМИЈА

За време на турското ропство, се вршела масовна колонизација на турско население од денешна Турција на територија на Македонија. Тоа видно го изменило ликот на градот, во кој почнале да доминираат неколку џамии, кои со своите минариња и висина се истакнувале во градот и пошироко.

Јени-џамија е сместена во строгиот центар на Битола во близина на Саат-кулата од десната страна на реката Драгор. Изградена е од Кади Махмуд Ефенди во 1558-59 година и го добила името Јени, што на турски значи „нова“. Џамијата има квадратна основа, покриена

## КАТОЛИЧКА ЦРКВА

Битола го добива името конзулски град кога во 19. век голем број држави испратиле свои претставници (амбасадори, конзули, аташеа) токму во овој град, кој станува седиште на Румелискиот Вилает, и како таков, е рангиран за прв град во европскиот дел на Турција. Сите овие луѓе доминантно биле католици, па логично на тоа доаѓа и изградбата на храм што требало да им служи за задоволување на верските потреби.

Основач на католичката парохија во Битола бил Јозеф Лепавек, кој во 1857 година го купил хотелот Локанда на Широк Сокак. Во објектот бил направен мал параклис, каде што на Велигден во1857 година била отслужена првата божествена литургија.

Во 1870 година, на истата локација била изградена нова црква во барокен стил, која била опожарена во 1900 година, а денешниот објект е изграден во неоготски стил во 1909 година. Планот за изградба бил дизајниран од француски архитект, но реализиран од локални мајстори. Камбанаријата на црквата, која била подарок од словенечките верници, била изградена во периодот од 1938 до 1940 година.




**Католичка црква.**
*Извор: facebook.gradotnakonzulite*



е со купола и веднаш до неа се издигнува минаре со висина од преку 40 метри.

До неодамна, внатрешноста на џамијата беше приспособена да биде уметничка галерија, но со започнувањето на археолошките истражувања, беше откриено дека била изградена врз основата на црквата Св. Ѓорѓи. Со завршувањето на археолошките истражувања, остатоците од црквата Св. Ѓорѓи се конзервирани, пошто е поставена стаклена конструкција за да бидат видливи за посетителите во новоуредениот галериски простор. Дел од овие остатоци се јасно видливи и во уредениот простор од надворешната страна на објектот.

Според една легенда, има сочувани траги од потковиците на коњот на свети Ѓорги кога коњот удрил со задните копита во ѕидот. Ваквата симболика е поврзана со градската христијанска митологија за постоењето на храм посветен на свети Ѓорги на оваа локација.

Денес, овој вреден споменик на османлиската архитектура зафаќа значителна површина од централното градско подрачје, со сочуван шадрван и убав градски парк околу неа.

## САAT-КУЛА

Саат-кулата е еден од најрепрезентативните објекти во градот, кој доминира во строгиот центар на Битола. Постои една легенда поврзана со изградбата на Саат-кулата, а тоа е приказната за 60.000 илјади јајца што турската власт ги собрала од населението за да бидат искористени за нејзината изградба, за да биде поцврста и поотпорна.

Според старите преданија, денешната Саат-кула е изградена во истиот период кога во нејзина непосредна близина се градел и православниот храм Св. Димитрија, во триесеттите години на XIX век, иако постоењето на саат-кула во Битола се споменува уште од XVII век.

Изградена е од масивни камени блокови, а стотина скалила водат до нејзиниот часовник, до нејзиниот врв на приближно 32 метри. Главниот и воедно најдекоративниот дел од Саат-кулата го сочинува делот каде што се поставени бројчаниците, и тоа од сите четири страни по еден.



**Саат-кула.**
*Извор: marh.mk*

Во 1962 година, механизмот е обновен, а во 1970 година е поставена и клавијатура за изведба на нови композиции. Оваа Саат-кула е една од вкупно 180 во светот во кои е вграден ваков механизам. Музичките композиции ја прават уште поневообичаена. На секои шест часа се огласува една од вкупно шесте композиции: „Битола, бабам, Битола“, „Билјана платно белеше“...

## ШИРОК СОКАК

Не може да се зборува за Битола, а не и за Широк Сокак. Главното шеталиште на битолчани и битолчанки ги привлекува погледите на минувачите. Ова е најпознатата улица во центарот на Битола, во чии кафулиња се пие првото кафе, но и се останува до доцна во ноќта. Денеска е строго пешачка улица, а некогаш по неа се движеле и автомобили. Низ оваа улица чекореле Ќемал Ататурк, Маршалот Тито, Сулејман Демирел, султанот Решад Петти и др. На Широк Сокак денеска се наоѓаат најголемите продавници, ресторани, театарот со опера, галерии и многу кафулиња и клубови.

Тука се сретнуваат најстарите архитектонски дела и градби на Балканот, кои го красат




**Широк Сокак.**
*Извор: flickr*

градот уште од турско време. Типично турски куќи, покрај прекрасните вили, не се реткост во овој дел на градот. Особено овде најмногу се чувствува духот на конзулска Битола. Многубројни куќи во неокласичен, необарокен стил ги красат двете страни на Широк Сокак. Упатените архитекти велат дека и покрај напорите да се обноват старите фасади, овие куќи пропаѓаат и заслужуваат многу посериозно внимание од страна на локалната и на државната власт. Градот треба да го брендира ова наследство и сериозно да се ангажира во заштита на сè што е останато од него. Ова треба да се реализира преку соодветни архитектонско-конзерваторски проекти интегрирани со нов урбанистички концепт за развојот на градот.

## СТАРА БИТОЛСКА ЧАРШИЈА

Старата битолска чаршија на времето била еден од најрепрезентативните локации во Битола, која ги обединувала занаетчиите, мајсторите, златарите, трговците. Денеска многубројните дуќани и интересни кафулиња се обидуваат да ја вратат во живот, но се чини дека таа ни оддалеку не го достигнува својот некогашен сјај.

Како еден од најзначајните занаетчиски центри во Македонија, а и пошироко, во текот на 19. век, во Битола постоеле и се развивале околу 140 занаети или професии. Сите тие биле лоцирани на триесетина различни пазари, во различни улички. Старата битолска чаршија броела над илјада дуќани.

Битола денес е горда на својата стара чаршија како еден од најубавите културно-историски споменици. За жал, времето го направило своето и денес ретко може да се сретнат некои од старите занаети и занаетчии.

Еснафите велат дека прометот во чаршијата е толку опаднат што на дуќанџиите им се исплати да ги преселат продавниците на Широк Сокак и покрај тоа што таму плаќаат кирија и до пет пати поголема отколку во чаршијата.

Неодамна во чаршијата се поставија информативни табли за посетителите и странските туристи со цел да се укаже на културното наследство на чаршијата и да се посочат интересните места за посета. Ова се реализираше во рамките на еден поголем проект во кој учествуваше и Битола – „Знаење, заштита и вреднување на старите урбани јадра во Македонија и во Албанија“.

„За Општина Битола беше дефиниран урбаниот комплекс Старата чаршија со рута на движење за туристите и за жителите со 10 точки на интерес. Трасата на движење, на која се поставуваат информативните табли, ги опфаќа следните локации: Безистен, реката Драгор, Стара чаршија, Ликовна колонија ‚Монмартр‘, занаети, чешми, гостилници, џамија Хаџи Махмуд Беј, Зелен пазар и амамот Дебој“, информираше општината.







**Стара битолска чаршија.**
*Извор: Александра Наумовска*



**Безистен.**
*Извор: bitolainfo*



## БЕЗИСТЕН

Со бројните куполи со кои прилега на тврдина, со трите внатрешни улички и со четирите големи метални порти, тој е еден од најголемите покриени пазари во регионот. Во периодот од изградбата, па сè до XIX век, честопати бил доградуван и преградуван со дуќани во кои се продавале текстил и скапоцени ткаенини. Тој воедно претставувал и своевиден трезор каде што во посебни делови се чувале парите од даноците од целиот Румелиски вилает пред да бидат однесени во царската благајна.

Безистенот е изграден во XV век од страна на румелискиот Беглер-бег, големиот везир и познат ктитор Кара Даут-паша Узунчаршили.

Денес Безистенот е уреден како современ продажен простор со многубројни дуќани во кои се продаваат најразлични стоки. Сепак, и покрај сите внатрешни трансформации, надворешниот изглед на Безистенот останал речиси непроменет.

## ЗАВОД И МУЗЕЈ - БИТОЛА

Објектот во кој денес е сместен НУ „Завод и музеј" – Битола е еден од најимпозантните во Битола, кој говори за историјата и културата на градот. Познат е и како Старата касарна. Објектот бил изграден во 1848 година со намена да служи како средно воено училиште „Идадие". Најверојатно е проектиран од цариградски архитекти, а ѕидан од локалното население како комплексна градба со правоаголна форма и со централен отворен двор – пацио. Објектот е изграден во стилот на смирена неоренесанса.

Заедно со двете огромни касарни (Црвена и Бела, уништени во минатото) овој објект бил поврзан во една целина како дел од сериозно изработен урбанистички концепт карактеристичен за поголеми метрополи. Со објектите како што се: Офицерскиот дом, Военото училиште, Црвената и Белата касарна, Џепането, јужниот дел на градот требало да прерасне во поголем и значаен воен центар во Отоманската империја.

Во периодот од 1896 до 1899 година, тука се школувал и живеел великанот и таткото на модерна Турција, Мустафа Кемал Ататурк. Подоцна, во 1909 година, училиштето е трансформирано во институција од повисок ранг и станува воена академија – Харабие. По балканските војни, до 1974 година објектот имал воена намена, па оттука доаѓа и името „Стара касарна".

Од 1983 оваа зграда е адаптирана во музеј, кој чува над 100.000 експонати од кои дел се сместени во постојаната музејска поставка.

На музејски простор од околу 700 квадратни метри е сместена репрезентативна музејска поставка која го претставува богатото културното наследство на Пелагонискиот Регион. Почнувајќи од четири фрагменти од долна вилица на мамут стар 10 милиони години, преку артефакти од неолитот, антиката, раното христијанство, Средниот век, балканските и двете светски војни, конзулска, сè до модерна Битола.

Музејот Битола е главната точка за посета на туристите, особено оние од Турција.

## ОФИЦЕРСКИ ДОМ

Домот на армијата или Офицерски дом е споменик на културата на Република Македонија. Неговата изградба започнала во 1909 година, но набргу потоа Битола ја зафатиле Балканските војни и Првата светска војна. Објектот бил довршен во 1919 година.

Архитектонскиот израз на објектот е карактеристичен за европската архитектура во овој период, но е надополнет со нагласени ориентални, односно „маварски“ елементи. Појавата на овие елементи во Битола е нормална кога се работи за објекти градени во периодот на турското владеење.



**Офицерски дом.**
*Извор: stenton.mk*

Офицерскиот дом бил користен од турската, српската, бугарската, југословенската и на крај од македонската војска. „Златен период“ на овој објект се шеесеттите до осумдесеттите години на 20. век кога вратата се отворала само за генерали и офицери. Во салата за балови бил донесен и луксузен лустер од скопскиот Офицерски дом, кој беше урнат во земјотресот во 1963 година.

По напуштањето на Офицерскиот дом од страна на АРМ, фасадата била реновирана, но објектот никогаш повторно не бил ставен во функција. Беше употребен за снимање на неколку филмови, во внатрешноста и дворот беа организирани различни манифестации, но нема трајно решение за организација на просторот.



Таткото на модерната турска држава, Мустафа Кемал Ататурк, го завршил своето вишо воено образование овде, токму во воената гимназија во Битола.

Во Музејот има еден посебен издвоен дел – Спомен-соба посветена на животот и делата на Мустафа Кемал Ататурк. Првите музејски поставки во Битолскиот музеј на познатиот државник, таткото на современа Турција, Мустафа Кемал Ататурк, датираат од 1978 година. Тогаш е отворена првата изложба на фотографии, документи и факсимили, кои ги прикажуваа животот и дејноста на големиот реформатор на Турција, кој во 1899 година завршил средно воено училиште (Мектеби аскери идади) сместено во денешната зграда на Битолскиот музеј, Старата битолска касарна.

Во 1994 година, на простор од 40 квадратни метри, со постојните материјали сместени во две соодветни витрини и со спомен-биста на Кемал Ататурк, за прв пат е поставена музејската поставка.

При посетата на Битола, не можете, а да не дознаете за убавата битолчанка Елени Каринте, која според некои кажувања била и голема и неостварена љубов на Мустафа Кемал Ататурк. Нејзината моминска куќа се наоѓа точно на Широк Сокак и е една од локациите што ги посетуваат турските туристи.



**Завод и музеј - Битола.**
*Извор: stenton.mk*



**Фотоателје и Кино „Манаки“.**
*Извор: cineculture online*

## ФОТОАТЕЛЈЕ И КИНО „МАНАКИ“

Родум од влашкото егејско село Вадела близу до градот Гребен, браќата Манаки се првите на Балканот кои десетина години по раѓањето на филмот во светските културни центри, ја набавија филмската камера „Bioscope 300“ и ги снимија првите филмски кадри на Балканот. Тие не се само кинематографии, фотографи, прикажувачи на филмови, тие се своевидни историски архивисти. Првите „живи слики“ на Балканот ја вклучуваат нивната баба Деспина стара 113 години и група жени кои подготвуваат волна за предење. Фотографирани биле востаници и разни чети кои биле вклучени во манифестациите, а и Нијази Бег, водачот на Младотурската револуција.

Најзначајна година за филмскиот опус на браќа Манаки е 1911, кога создале три видео репортажи: посетата на султанот Мехмед V Решад на Солун и на Битола, посетата на романската делегација на Битола и погребот на гревенскиот митрополит Емилијанос.

Во 1904 година, тие купиле дуќан на главата улица Широк Сокак, кој веднаш почнале да го адаптираат во фотографско студио. Тој се наоѓал на местото на денешниот објект на Широк Сокак 102, познат како куќата во која живеел Милтон Манаки.

Во 1921 година, купуваат дворно место на Широк Сокак со намера да изградат киносала и да го основаат киното „Манаки“. Новоизградениот објект на киното „Манаки“ ги овозможувал сите услови за непречена работа. Бил добро опремен со неопходниот инвентар и во киносалата имало вкупно 373 седишта. На почетокот работата се одвивала нормално, но економската криза во 30-тите години на минатиот век си го направила своето и тие западнале во финансиски тешкотии. Во 1939 објектот бил зафатен од пожар, при што изгорел до темел.

Денешното кино „Манаки“ е изградено на приближна локација од некогашното и е нов објект на културата во Битола. По 102 години од првата филмска проекција во кино-бавчата на браќата Манаки, Киното „Манаки“ на Широк Сокак во Битола, на 4 ноември 2023 година започна со редовен филмски репертоар.

## СПОМЕН-КУЌА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Отворањето на овој музеј е иницирано по повод престојот на Гоце Делчев во Битола во 1901 година во овој објект. Главната негова цел при овој престој му беше да се сретне со неговиот сакан другар и соработник Даме Груев, основоположникот на ТМОРО, кој во овој период се наоѓал во Централниот битолскиот затвор.

Музејската поставка содржи две изложбени простории. Во првата има многубројни документи и фотографии на кои се прикажани состојбата и настаните во Битолскиот револуционерен округ. Од многубројните поместени експонати во оваа поставка, значајно место зазема револверот подарен од Гоце Делчев на Михаил Ракиџиев, сопственик на куќата и член на Окружниот комитет на Битолскиот револуционерен округ.

Во оваа поставка е изложен и оригинален експонат од 1905 година (вез од ситни мониста во разни бои со претстава на еленче што пие вода), кое му е посветено и подарено на Михаил Ракиџиев од затворениците што од исти причини се наоѓале со него во Централниот битолски затвор.



**Спомен-куќа на Гоце Делчев.**
*Извор: сдк.мк*

Во составот на поставката, во соодветна просторија, поставена е витрина со симболите на револуционерната заклетва на Организацијата, како и оружје од илинденскиот период.

Како составен дел на оваа музејска поставка, во собата во која престојувал Гоце Делчев и во која се одржувале состаноците, задржан е ентериерот со амбиентот во оригинална состојба.

## СПОМЕН-КУЌА НА СТИВ НАУМОВ

По повод Денот на борецот, во 1961 година, отворена е за првпат постојаната музејска поставка, откако објектот е реконструиран и адаптиран за ваква намена.

Презентирани се документи и предмети што го следат животот и делото на херојот од неговото најрано детство (фотографии, документи, предмети тесно поврзани со животот на неговото пошироко семејство), а во втората целина-простор е прикажана неговата револуционерна активност, неговото загинување на 12 септември 1942 година заедно со неговиот соборец и другар народниот херој Мите Богоевски. Историскиот дел завршува со приказ на победата над фашизмот и сето она што за херојот, за неговото име и во негова чест, е напишано и изградено како спомен.

Во третата целина во простор од 18 квадратни метри е уредена гостинска односно приемна соба за свечености и визити, со оригинални и откупени предмети што даваат приказ на средноимотна фамилија од тој период, со еден фонд на врамени фамилијарни фотографии.

Поставена е и макета која тродимензионално и со одредени светлосни ефекти го прикажува нападот на Партизанскиот одред „Даме Груев“ на полициската станица-участок во с. Кажани под раководство на Стеван Наумов-Стив.

**Спомен-куќа на Стив Наумов.**
*Извор: Републлика*



# НАСТАВНО-НАУЧЕН ПРАКТИКУМ НА СТУДЕНТИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ

## МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ТУРИЗАМ БЕЛГРАД



Во периодот од 22-23.3.2024 година, студенти од Универзитетот Скопје имаа привилегија да учествуваат во наставно-научен практикум кој ги одведе на едно неверојатно патување на Меѓународниот туристичкиот саем во Белград, Србија.

Студентите од УТМС на Меѓународниот саем за туризам во Белград.



# ДУРБИН

Организирани од страна на универзитетските професори и наставно-научните соработници, студентите беа воведени во динамичниот свет на туризмот преку учество на саемот за туризам во Белград. Во рамките на саемот, студентите имаа можност да ги истражат најновите трендови и иновации во туристичката индустрија, да запознаат дел од најголемите туристички брендови и да ги увидат предизвиците и можностите на современиот туризам.

Од Туристичката организација на Белград и Универзитетот „Сингидунум“, беше организирана и посета на културно-



Студентите на штандот на Универзитетот „Сингидунум“.






Студентите воодушевени на штандот на агенцијата за крстарење „Алегра“.

историските знаменитости на градот, што беше вистинско искуство на културно обогатување за студентите. Оваа посета вклучуваше разгледување на историските места, музеи, галерии и архитектонски споменици што го красат градот Белград. Студентите се запознаа со богатата култура и културно наследство на Србија.

Дополнително, студентите го посетија Универзитетот „Сингидунум“ во Белград, каде што имаа можност да се запознаат со академскиот живот и со образовниот систем во Србија. Оваа интеракција со студентите и професорите од Универзитетот „Сингидунум“ беше одлична можност за размена на идеи и искуства помеѓу двата универзитетски центри.

Во рамките на овој наставно-научен практикум, студентите имаа можност да ги истражат и природата и атракциите на планината Авала, која се наоѓа во близина на градот Белград. Шетањето низ природата




На штандот на Херцег Нови.

и посетата на кулата Авала беа дел од искуството на студентите. Посетата на Авала беше вистинско доживување на уживање во природа и релаксација, што ги освежи студентите и ги подготви за нови предизвици.

Ова патување беше организирано под мотото „Патувај и учи“ со цел да се поттикне активното учење и да се овозможи практична примена на студиските знаења во реални туристички ситуации.

Со завршувањето на наставно-научниот практикум, студентите се стекнаа со нови знаења, искуства и инсајдерски погледи во туристичката индустрија. Со впечатоците од ова патување и искуствата што ги стекнаа, студентите се вратија со поголемо разбирање и почитување за туризмот и за културата на Белград, што ќе продолжи да ги инспирира во нивните идни студентски проекти и кариери во туристичката индустрија.



На штандот на Босна и Херцеговина.

Прошетка по Авала.



# ИДНИНА



## ТАНЕСКИ: ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ МИ ЈА ДАДЕ НАЈГОЛЕМАТА ПОДДРШКА И КАКО ПЕЈАЧ КОГА ЈА ПРЕТСТАВУВАВ МАКЕДОНИЈА НА ЕВРОВИЗИЈА

Ѓоко Таневски (47) еден од најдобрите вокали во Македонија, во 2012 година завршил Факултет за туризам, а подоцна и магистрирал. Студентските денови ги опишува како „интересни и напорни" бидејќи во тој период бил татко на двегодишна ќерка, секоја вечер имал настап по скопските клубови и надвор од главниот град, а се трудел да биде редовен на предавањата. Негова главна професија е музиката, но се надева дека во иднина, ако му се укаже можност, „понуда што не се одбива", ќе ја искористи дипломата.




Танески: „Факултетските денови ми будат сеќавања на голема дружба, музички настани."





**Како пулсира Охрид надвор од сезоната? Колку е привлечен во овој период за македонските и за странските туристи?**

Често велам дека надвор од сезона е пензионерски град. Но, за викенди и кога е убаво времето, има многу туристи од Македонија, но и од Малезија, Јапонија, Турција, Романија. Навистина е убаво да ги сретнеш шетајќи низ охридските улици, со некои да помуабетиш и да слушнеш колку се импресионирани од Охрид. Но, мене секогаш ми е полно срцето, без разлика дали е градот мирен или раздвижен.

**Да се биде жител на македонскиот бисер е привилегија од повеќе аспекти. Кои од нив би ги издвоил, како човек кој е роден во овој град?**

Чистиот воздух пред сè, со оглед на загаденоста на градовите во Македонија. Езерото ти дава мир, а истовремено и сила. Еден поглед во него те рестартира. Имаме 365 цркви, каде што може да си го најдеш мирот. Сите сме сплотени. Имаме можност и за маалски живот. Пролетта е прекрасна. А летото ни нуди и плажа и работа, и забава и мир. Сè што ќе посакаме.

**Живееше во Скопје поради работните обврски поврзани со музиката. Која беше причината што повторно се врати во Охрид, од оваа перспектива ја донесе ли вистинската одлука?**

Живеев во Скопје 10 години. Се обидовме со жена ми таму да создадеме свој дом. Ни се роди и првата ќерка Анастасија. Кога наполни две години, решивме да се вратиме во Охрид. Тоа беше нашата најдобра одлука. Најглавна причина беше загадениот воздух. Особено во зима, не сакавме да дише смог. Решивме нашата ќерка да расте во чиста и здрава средина како што е Охрид. Поради мојата музичка кариера, сметав дека е најдобро да сум во главниот град, во центарот на случувањата. Но, ако работиш со љубов, ако се вложиш максимално во музиката, публиката тоа го препознава без разлика каде живееш.

**Во тој период ѝ се посвети и на твојата дообразба, поточно се запиша на Факултетот за туризам. Зошто беше токму тој твој избор?**

Мојата постара ќерка имаше две години кога се запишав на факултет. Дипломирав во 2012 година. Сакав да учам, да се образувам, а со оглед на тоа што сум роден и живеам во туристички град, логично беше да го одберам овој факултет. И не погрешив. Прекрасни професори, тим, студенти.

**Со оглед на тоа  што настапувавте претежно во ноќните часови, како успевавте да стигнете на предавања или да учите?**

Тоа беше како некоја магија. Мислев дека можев сè и успевав во тоа. Навечер пеев, помагав околу ќерка ми, која беше бебе. Олеснителна околност ми беше што живеев спроти факултетот и лесно стигнував на предавања. Бев редовен студент. Ми беше задоволство да сум присутен на предавањата бидејќи професорите и асистентите беа непресушен извор на знаење. Имаа трпение за сите. Ни објаснуваа детално и практично.

**Која беше олеснителната околност што Ви ја овозможија професорите за да бидете успешен и како пејач и како студент, односно полесно да го совладате материјалот и да полагате испити?**

Многу ми дадоа поддршка, особено кога бев избран да ја претставувам Македонија на Изборот за песна на Евровизија во 2010 година. На Факултетот ми ослободија просторија, ми направија постери, ми помогнаа во промоцијата. И бескрајно сум им благодарен. Просторот го користев за интервјуа, подготовки. Многу ни обрнуваа внимание на сите студенти. Се обидуваа да имаат разбирање за нашите потреби, но и тешкотии. Ги учев сите предмети. Многу олеснителна околност ми беше фактот што веќе имав познавања за туризмот од животот во Охрид и дружбата со туристичките работници.

**Кои се спомените од факултетските денови, какви чувства Ви будат?**

Голема дружба, музички настани. Со мене студираа и моите колеги Дани Димитровска, Елвир Мекиќ, Слаткар. Но, се дружев и со другите колеги што не беа од сферата на

Танески: „Семјството ми е ветер во грб во професионалната кариера."





Танески: „Професорите и асистентите на Универзитет Скопје се непресушен извор на знаење.“

музиката. Останав во пријателски односи со дел од нив и со некои професори.

**Живеете во туристички град. Планирате ли во иднина да го искористите знаењето стекнато на факултетот и да се докажете на тоа поле?**

Магистрирав на туризам, имав желба да го надополнам образованието и да стекнам поголемо знаење. Ориентиран сум комплетно кон музиката. Но, ако добијам „понуда што не се одбива“, ќе ја искористам дипломата.

**Го наследија ли ќерките талентот за музика?**

Да, двете се многу музикални и убаво пеат. Помладата, Михаела, која има 12 години, свири клавир и планира да се запише во средно музичко училиште. Постарата, Анастасија, е четири години повозрасна и сака да студира стоматологија.

**Кои се новостите поврзани со кариерата?**

**Имам настапи низ Македонија.** Подготвувам и ново цеде. Две песни ќе промовирам со спотови. Веќе го закажав и концертот, кој на 20 јули ќе го одржам во Античкиот театар.

Танески: „На 20 јули ќе одржам концерт во Античкиот театар.“






Некои од земјите не прифаќаат ниту стара патна исправа, туку дозволуваат излез од нивната земја со „патен лист“.
*Извор: Слободен печат*



# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

Патните исправи станаа вистинска голгота за дијаспората. Без нов пасош, македонските граѓани во странство можат само да излезат од државата каде што живеат и работат, но не и да се вратат назад. Не им е дозволено ниту да патуваат во друга држава. Некои од земјите не прифаќаат ниту стара патна исправа, туку дозволуваат излез од нивната земја со „патен лист“, кој македонските граѓани треба да го пополнат откако ќе го подигнат од амбасадите на Македонија во странските земји или од конзуларните претставништва. Но, тука настанува најголемиот проблем, особено за оние земји во кои нема дипломатски претставништва. За да можат да се фотографираат за нов пасош, тие граѓани треба да одат во трета земја. Но не можат да стигнат дотаму бидејќи добиваат само еден излез, но не и влез во странска земја.

# ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОСТАНАА ВО НЕБРАНО – ДЕЛ ОД НИВ ЗАРОБЕНИ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ БЕЗ ПАСОШ СО НОВОТО ИМЕ



Една од земјите каде што има голем број Македонци, а нема конзуларни претставништва е Ирска. Биљана Дураковска-Величковска е една од многуте што со семејството живеат токму во оваа земја. Таму е нејзиниот дом. Но, главоболки ѝ создава вадењето на пасошот на матичната земја. Дураковска-Величковска секоја година личната карта и работната дозвола ги добива врз основа на македонскиот пасош, а сега тоа е можно само откако ќе го добие пасошот со новото уставно име на земјава. Но, за да може

**Најголемиот проблем настанува во оние земји што немаат дипломатски претставништва. За фотографирање македонските граѓани треба да одат во трета земја.**
*Извор: Википедија*



да излезе од Ирска и да отиде во Лондон од нејзиниот град Летеркени во Ирска, ќе ѝ треба англиска виза. За да дојде во Македонија и да извади нови патни исправи, не се знае колку би останала во земјава разделена од семејството, кое е со неа во Ирска и има ирски документи.

Со слична приказна се соочуваат и иселениците што живеат во Малта. За да можат да извадат нов пасош, тие треба да одат во Рим, Италија. Покрај тоа што имаат дополнителни трошоци за нова патна исправа, транспорт до трета земја, треба да земат и два слободни дена од работа, кои се неплатени, за да можат да ги завршат сите обврски наметнати од Преспанскиот договор.

Уште еден пример е со амбасадата во Братислава. Од МНР велат дека нашите државјани од Словачка најчесто се враќаат во земјава со патен лист бидејќи во амбасадата во Братислава нема мобилна единица, а во осумдесетина километри блиската Виена не можат да отпатуваат со пасоши со старото име. Со вакви проблеми се соочуваат многумина наши сограѓани во странските земји.

Пред да се активира делот од „Преспанскиот договор“ за личните документи за надворешна употреба, македонската дијаспора неколкупати апелираше до македонските власти и побара пролонгирање на рокот за важноста на пасошите. Тие велеа дека нема време да се променат личните документи до февруари и предупредија дека ќе се случат сериозни проблеми со промена на пасошите. Во отвореното писмо до поранешниот министер Спасовски, нагласија дека ако не им важат документите, нема ни да можат да дојдат да гласаат на изборите. Бараа да се воведат онлајн услуги за обновување документи со верификација на ликот и отпечаток од прст и вработување стручен персонал во сите македонски амбасади и конзулати. Но, нивниот повик не беше земен предвид. Дури кога настана метеж во конзуларните претставништва, шефот на дипломатијата Бујар Османи направи обиколка низ неколку амбасади во кои беа донесени дополнителни апарати за фотографирање. Партнерските земји беа замолени да пропуштаат нашинци и со старите пасоши, но, сепак, Османи



ZENTRALRAT DER MAKEDONEN
IN DEUTSCHLAND

An:
Frau Präsidentin von der Leyen, Europäische Kommission;
Herr Bundeskanzler Scholz, Bundesrepublik Deutschland;
Herr Premierminister Xhaferi, Makedonien;

Name: Robert Klenkoski
Telefon: (+49) 030/6098296-0
Telefax: (+49) 030/6098296-3
Mobile: (+49) 0170/1049994
E-Mail: info@zentralratdermakedonen.de
Vorgang: 2024/00602

Datum: 17.02.2024

**Betreff: Dringende Forderung zur Wiederherstellung der Menschenrechte für makedonische Staatsbürger und Ankündigung rechtlicher Schritte**

Sehr geehrte Frau Präsidentin von der Leyen,

Sehr geehrter Herr Bundeskanzler Scholz,

Sehr geehrter Herr Premierminister Xhaferi,

der Zentralrat der Makedonen in Deutschland fordert Sie eindringlich auf, unverzüglich Maßnahmen zu ergreifen, um die Verletzung der Menschenrechte für makedonische Staatsbürger zu beenden.

Die Entscheidung der makedonischen Regierung, gültige Reisepässe als ungültig zu erklären, ohne über die erforderlichen Kapazitäten zur Ausstellung neuer Pässe zu verfügen, hat schwerwiegende Auswirkungen auf hunderttausende Menschen. Mit einem Schlag wurden diesen Personen ihre Reisefreiheit und Mobilität genommen, was nicht nur in Makedonien, sondern auch in der Bundesrepublik Deutschland und weltweit große Schicksale betrifft. Viele von ihnen können nun nicht mehr länderübergreifend arbeiten, dienstlich in andere Länder reisen oder aus Makedonien nach Deutschland zurückkehren.

Diese Entscheidung bedroht nicht nur die grundlegenden Menschenrechte unserer Bürger, sondern kann auch Existenzen vernichten, da die Betroffenen nun eingeschränkt sind und nicht mehr frei [illegible]eren können.

[illegible]fordern wir, dass die makedonische Regierung bis spätestens 23.02.2024 ihre Entscheidung [illegible]gerklärung der gültigen Reisepässe zurücknimmt und unverzüglich Maßnahmen ergreift, [illegible]

ZENTRALRAT DER MAKEDONEN
IN DEUTSCHLAND

Falls innerhalb dieser Frist die Menschenrechte nicht sofort wiederhergestellt werden und die Entscheidung zur Ungültigerklärung der gültigen Reisepässe nicht zurückgenommen wird, behalten wir uns vor, rechtliche Schritte einzuleiten, um die Rechte unserer Bürger vor Gericht durchzusetzen.

Wir erwarten nicht nur von der makedonischen Regierung, sondern auch von der Europäischen Kommission und der Bundesregierung hier in Berlin, dass sie sich dieser dringenden Angelegenheit bewusst sind und unverzüglich handeln. Menschenrechtsverletzungen dürfen nicht toleriert werden, weder in der EU noch in Makedonien.

Es ist von größter Bedeutung, dass die makedonische Regierung diese dringende Angelegenheit ernst nimmt und unverzüglich handelt, um die Menschenrechte unserer Bürger wiederherzustellen.

Mit besorgten Grüßen,

Robert Klenkoski, Vorsitzender

Goran Nikoloski, Stellvertretender Vorsitzender

**Македонско здружение во Германија најави тужба против македонската држава: „Се прекршуваат основните човекови права на македонските граѓани“.**
*Извор: Слободен печат*

порача граѓаните да не се потпираат на оваа варијанта. Им порача дека најсигурно границата ќе ја поминат со нов пасош или со патен лист. Иако дипломатско-конзуларните претставништва работеа под полна пареа, сепак не успеаја да стигнат до крајниот рок. Секаде имаше редици баратели на патни исправи, а не беа помалубројни и оние што бараа патни листови за да отпатуваат во татковината и да си обезбедат документи. Во амбасадата во Берлин и во конзуларните претставништва во Бон и во Минхен, дневно се прават до 200 фотографирања, се издаваат до 150 патни исправи и по 40 патни листа. Македонското здружение во Германија најави тужба против македонската држава. „Централен совет на Македонците во Германија" со седиште во Берлин, е на став дека прогласувањето важечки пасоши за неважечки без притоа да се има доволен капацитет за издавање нови пасоши, создало огромни проблеми со кои се прекршуваат основните човекови права на македонските граѓани. Освен до македонските власти, здружението на Македонците во Германија писмото го адресирало до германскиот канцелар, Олаф Шолц, како и до претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен.

*„На овие луѓе со еден удар им беше одземена слободата на патување и движење, што зафати голем број судбини не само во Македонија, туку и во Германија и во светот. Многу од нив веќе не можат да работат задгранично, да патуваат во други земји деловно или да се вратат во Германија од Македонија"*, се наведува во соопштението на Централниот совет на Македонците во Германија со седиште во Берлин.

Еден олеснувачки фактор претставува одлуката на Швајцарија да им дозволи на нашите државјани патување и со старите патни исправи.

Барања за издавање на патни исправи се поднесува во вкупно 25 дипломатски претставништва и тоа: Љубљана, Лондон, Берн, Берлин, Бон, Минхен, Виена, Њујорк, Чикаго, Венеција, Рим, Малта, Стокхолм, Копенхаген, Пекинг, Малме, Абу Даби, Осло, Брисел, Хаг, Париз, Торонто, Детроит, Мелбурн и Канбера.

**Барања за издавање патни исправи се поднесува во вкупно 25 дипломатски претставништва.**
*Извор: ѝлус инфо*



# МАКЕДОНСКИ ПОЛИТИЧАРКИ - ПРИМЕР ЗА ЕВРОПА



Хрватска ја имаше Колинда Грабар-Китаровиќ, која беше и прва директно избрана жена-претседател во државите на Западен Балкан. Косово може да се пофали со Атифете Јахјага. Јадранка Косор беше премиерка на Хрватска. На чело на владата на босанскохерцеговскиот ентитет застана Жељка Цвијановиќ.

И додека на прв поглед може да се каже дека на традиционално- конзервативниот Балкан дојде до позитивни движења во поглед на рамноправноста на половите во политиката, сепак промените се мали.

Луѓето може да ги перципираат жените само кога се претставуваат во некоја форма на фикус, украс на демократијата. Но, таму каде што жената има навистина моќ, каде што ги контролира процесите и парите, на таа позиција тешко може да се прифати. Често во медиумите се коментира и изгледот на политичарката. Многумина забораваат дека на изборите не се бира мис на парламентот, туку политичка личност.

Генерално живееме во реформите кои ги започна Маргарет Тачер, идејата која со колонијализмот ја спроведе Голда Меир и демонстрацијата на моќта, која ја бранеше Индира Ганди.

Во меѓувреме светската политичка сцена ја одбележа појавата и владеењето на германската канцеларка Ангела Меркл.

Непобитен факт е дека жените во европската политика сѐ уште немаат превласт. Иако според Форбс, највлијателна жена во политиката во 2023 година беше Урсула фон дер Лејн, претседателката на Европската Комисија.

Новите претседателски избори може да ја сменат комплетната слика на Македонија. На прагот сме да ја добиеме првата жена претседател, Гордана Силјановска-Давкова од редовите на ВМРО–ДПМНЕ.

Истото важи и за парламентарните избори. А за промените ќе бидат задолжени и Дафина Стојановска, носител на листата на ВМРО-ДПМНЕ во 6. изборна единица, Жаклина Пешевска, претседателка на Унијата на жени и Марија Митева, портпаролка на истата партија.

Тие се автентични, со сопствен стил и влог, со себепочитување и почитување на своите. Доволно да заклучиме дека и македонските политичарки би можеле да станат пример за Европа.



Стојановска: „Јас ќе им подадам рака на младите, ќе им ги покажам нашите планови за следните 4 години и ќе ги замолам да ни ја дадат последната шанса.“

## ДАФИНА СТОЈАНОВСКА

Дафина Стојаноска (49) е од Гостивар, по професија е доктор по стоматологија и магистер по менаџирање со човечки ресурси во областа на општествените и социјалните дејности. Мажена, мајка на две полнолетни деца. Комуникативна, посветена на зададените задачи, секогаш достапна за луѓето, секогаш со повратен одговор на добиено прашање. Колегите од пратеничката група ѝ го дадоа прекарот „класна“, веројатно поради заменик-координаторската позиција и грижата за нивната присутност, активност, подготвеност со материјали и „кондиција“.

*„Редовно следам и читам вести, колумни, следам ТВ-гостувања и размислувам за секој следен чекор, коментар, говор или јавен настап. Сакам да слушам критики од искусни луѓе, но сакам и меѓу блиските да се исклучам од политиката или да пешачам со сестра ми и нејзиното куче, разговарајќи или молчејќи“*, открива Стојаноска.

Мотивот за влез во политиката била поканата да помогне со дела за подобра држава и подобра иднина. На добиената понуда, веднаш позитивно одговорила и до денешен ден работи со максимална посветеност и енергија.

*„Активна сум повеќе од 15 години и воопшто не се чувствувам изморена или истрошена. Мене контактите со луѓето ме возобновуваат и ме мотивираат да продолжам со уште поголемо темпо. Мојот татко во 60-те години на минатиот век го напуштил Гостивар за да студира во Белград. Поради овој факт, сите очекуваа од него во време на распадот на поранешна Југославија, да биде најголемиот поборник за останување во нејзините ‚прегратки‘. Напротив, и пред тоа да се случи, а особено за време на распадот, тој секогаш дома ни раскажуваше за Методија Андонов-Ченто, за самостојна Македонија и за македонската богата историја. Бидејќи за девојчињата се вели дека нивни први херои се татковците и дека и своите следни херои ги бараат по теркот на татковците, и за мој животен сопатник избрав личност која е „непоправлив“ Македонец и која секојдневието го користи за да зборува, чита и мисли за Македонија, за нејзините историски личности, за минатото и за иднината. Имајќи ги овие два хероја во мојот живот, многу логично и очекувано е да ја одберам ВМРО-ДПМНЕ за моја опција, мој идеал и моја опсесија“*, вели Стојаноска.

Политичарите од Западот прво ја гледаат функцијата, а потоа жената што ја извршува. На оваа констатација има свој одговор:

*„Никогаш не сум размислувала за тоа како ме гледаат другите или што зборуваат за мене. На овој принцип сум ги воспитала и моите деца. Секогаш добро размислувам пред што било да преземам или да направам, па така дејствував и во периодот на мојата јавна функција како пратеничка. Ова е моето мото и сметам дека некогаш не ни требаат примерите од Западот, туку личните, кои, секако, ќе се обмислени, поткрепени со аргументи и сигурни во изложувањата. Жената-политичарка во Македонија не е никакво чудо. Таа треба само да е пример дека е рамноправна со колегите, а за тоа не ѝ требаат примерите од Запад, туку нејзината самодоверба, квалитет и достоинство.“*

*„По втор пат по ред ќе ја предводам листата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата во ИЕ 6. И во 2020, а и сега, на луѓето на кои ќе им се обраќам, како и на останатите кандидати од листата, ќе им кажам дека и тие се носители, дека сите сме носители на обврската да ја спасиме Македонија од овој хаос. Моите гласачи ќе ги добијам со мојата непосредност, нормалност и искреност. Во однос на ветувањата, тие ќе ги има во изборната програма, чија промоција е на 23 и 24 март. Според мене, огромна штета е што Македонија, земја богата со плодна почва, води, шуми и со сончеви денови, стана земја зависна од увоз на струја и увоз на храна, додека плодното земјиште ни се распродава или се искористува за намени што се сосема неприродни и неавтентични на поднебјето. За мене најбитно е да ја исправиме Македонија на нејзини ‚нозе‘ и да направиме да биде промовирана од она што е нејзино, а тоа се плодната почва (од која може да си ги развиеме земјоделството и економијата), пребогатата култура и историја, како и исклучително преубавите места за развивање на туризмот“*, цврста е Стојаноска во своите ставови и дополнува дека Македонија моментално се наоѓа во една длабока бездна. Секоја област е уништена и руинирана, институциите не ни функционираат, економијата ни е колабирана.

Стојановска: „Никогаш не сум размислувала за тоа како ме гледаат или што зборуваат другите за мене.“



*„Најнискиот економски раст е најголемиот проблем што, последователно, го носи вториот, а тоа е иселувањето. Трет проблем, според мене, но и според она што го слушам од загрижените сограѓани, е негрижата за здрава животна средина. За ова, секако дека се највиновни луѓето од власта, но не помалку виновни ќе бидат и оние што знаејќи за сета оваа негрижа и тотален колапс, ќе одлучат на следните избори да останат дома. Седењето дома нема да ја казни актуелната власт за уништувањето на Македонија. Седењето дома не е решение, туку немање храброст и одлучност“*, посочува Стојаноска.

Според неа, младите се нашите сојузници во оваа битка и затоа, овие избори, тие ќе одлучат дали ќе останат и ќе се борат и

изборат за својата подобра иднина или ќе се откажат од борбата и ќе си заминат.

*„Јас ќе им подадам рака на младите, ќе им ги покажам нашите планови за следните 4 години и ќе ги замолам да ни ја дадат последната шанса. Ја знаеме сериозноста по изборната победа, а таа е одговорноста за квалитетно образование, за отворање на вратите за успешните и квалитетните, за вработувања без партиски влијанија и за напредувања по заслуги, а не по врски. Младите не сакаат никакви привилегии, туку сакаат квалитетни и навремени услуги, плати според сработеното и нивно активно вклучување во креирањето на нивната иднина. ВМРО-ДПМНЕ во изминатиов период издвои и им даде шанса на многу млади и квалитетни луѓе како што се пратениците: Бојан Стојаноски, Јован Јаулески и Марија Петрушевска, како што се и членовите на техничката влада: Стефан Андоновски, Ѓоко Велковски и Панче Тошковски, како што е портпаролката Марија Митева, како што се градоначалниците на Бутел, Охрид, Кисела Вода, Ресен, Штип, Аеродром, Гази Баба, Карбинци. Истиве овие млади луѓе на дело покажаа и докажаа дека квалитетот и младоста се силното оружје на ова ВМРО-ДПМНЕ. Тие се предвесниците на нашите промени и адутот за реализација на нашите ветувања“*, истакнува Стојановска.

На прашањето кој е нејзин идол во политиката, избира да се угледа на личности кои ѝ се поблиски по менталитет и по начин на живот.

*„За мене одличен пример за жена-политичарка е Маријана Петир, актуелна хрватска пратеничка и бивша европратеничка. Ми се допаѓа што е скромна, пристојна, културна, народна, природна и многу активна. Посебно ја ценам затоа што е наша силна и искрена поддржувачка. Петир, со нејзината борба за Македонија, стана поголема Македонка од многу Македонки. По примерот со Гоце Делчев, можеби и ‚ризикува‘ во некоја далечна иднина некои квазиисторичари да ја оквалификуваат за Македонка“.*

Стојаноска појаснува на кој начин жена-политичарка може да остави трага не само овде, туку и на европската политичка сцена.

*„Природноста и својот начин на работа, борба и изразување се нешта што треба да се одлики за секој поединец. Неодамна добив оцена од еден мој соработник и строг критичар. Ми напиша: ‚Нема поискрена и попозитивна личност во политиката на Балканот‘. За мене, познавајќи го соработникот во неговата искреност и експертиза, ова значи многу, но уште повеќе ми е сатисфакција дека може да се успее и да се остави трага, па и во Европа, единствено со едноставност, силна посветеност и свој стил, без никакво и ничие имитирање. Народот знае да препознае и само народот може да ве направи славни или омилени. Ниедна скапа реклама не може од вас да направи нешто повеќе ако нема во вас нешто навистина искрено и природно. А, трагата како трага, ја оставаат или не, подеднакво и жените-политичарки и мажите-политичари. За мене полот воопшто не ја менува улогата во оставањето трага“*, вели Стојаноска.

За промените со кои ќе ги направат среќни Македонците, истакнува дека среќата е релативна работа. Некој се чувствува среќен со многу пари, некој само со здравје, друг со искрена љубов, трет со независно живеење.

*„Ако се обидеме барем малку да ги растераме овие темни облаци над Македонија, сметам дека тоа ќе е доволен предзнак за сонцето што ќе ја огрее. Тоа значи дека, за почеток, ќе треба да го направиме функционален системот на казнивост за оние што ги прекршуваат законите и Уставот, кои крадеа и склучуваа тендери во четири очи, да започнеме со една робусна работна акција и да поставиме компетентни квалитетни луѓе на секоја одговорна позиција. Луѓе што ќе се подготвени за соочување со криминалци и со неработници и кои ќе се доволно храбри*

*и одлучни да им се противстават и да им го покажат соодветното место. Од нас се очекува многу затоа што во нас се гледа единствениот излез и последната можност за спас. Мотивирани сме и подготвени за овој предизвик. Личниот пример е единствениот доказ за нашата подготвеност. Христијан Мицкоски досега на дело покажа дека избира само квалитетни луѓе. Оние што ја изневерија неговата доверба и кои не го испочитуваа договореното, ја почувствуваа неговата одлучност и спремност за расчистување по брза постапка. Така беше досега. Така ќе биде и во иднина. Македонија нема повеќе време и простор за грешки“*, посочува Стојаноска.

Односот кон жената-политичарка се гради во самата партија и многу зависи од самиот лидер. Меѓу своите колеги не се чувствува поинаку, ниту помалку ниту повеќе.

*„Кај нас важи правилото за рамноправност и демократија во искажувањето став или мислење, како и во носењето одлуки. Со Мицкоски се запознав во партијата и нас нè поврза единствено работата, искреноста и посветеноста. Во секое време можам да го консултирам, да го прашам или да му дадам свое мислење. Тој цени луѓе со став и со аргументи и на таквите секогаш има дава простор. Ниту еден мој сопартиец не направил да се почувствувам непријатно или загрозено. Впрочем, секоја релација вклучува минимум две страни. Јас никогаш не дозволувам да ги преминам границите на пристојноста или на привилегираноста. Нудам и барам фер и искрен пристап кон секого и кон сè. Такви луѓе има во ВМРО-ДПМНЕ, таков е и лидерот Мицкоски, и затоа ова ВМРО-ДПМНЕ е моментално најсилната политичка организација во Македонија. Нашата сила е во поединецот, но и во меѓусебното почитување и поддржување“*, појаснува и дополнува дека очекуваат победа на изборите, пред сè затоа што ќе е заслужена и сработена.

*„Сепак, иако сите анкети и секој човек знае и зборува за нашата победа, јас сметам дека најточната анкета ќе биде исходот од изборите. Никогаш не се радувам на брз успех, ниту пак живеам од стара или нова слава. Успехот и победата мора максимално да се сработат и да се заслужат. Победата ни е на дланка и секако дека сме подготвени за неа. Но, кога велам подготвени, мислам на изборот на кандидатката за претседателка Гордана Силјановска-Давкова, на кандидатите за пратеници и на нашата целокупна мотивираност за работа и за ангажман за целосна обнова на Македонија“*, заклучува Стојаноска.

За разликата меѓу македонска политичарка и балканската и на прашањето ќе дојде ли време за жена-премиерка во Македонија, вели дека не се доживува себе си воопшто поразлично од која било балканска или европска политичарка.

*„Јас ја сакам автентичноста, а таа се гради со сопствен стил и влог, со себепочитување и почитување на своите. И Македонија е држава која се наоѓа во Европа и зошто некогаш не помислиме дека и македонските политичарки би можеле да станат пример за Европа? Жалам кога ќе ја видам понизноста кон туѓите авторитети и неценењето на домашните. Јас верувам и се борам за тоа еден ден Македонија да стане пример за добри вредности. И не треба да се чека да дојде тоа време, туку треба да се сработи во ова време, да му се остави простор на квалитетот и да се заборави на негативната селекција. Стоејќи во окружување со неквалитетот, не напредуваме, туку се залажуваме дека сме најдобрите и дека оние отстрана што ни се потсмеваат – нè мразат и ни завидуваат. Огледалата да си ги скриеме во фиоките и да се соочиме со реалноста, а таа нè предупредува и ни алармира дека е крајно време за освестување и за градење на авторитетна Македонија. Македонија во која премиерка нема да биде чудо, туку заслужена и сработена позиција“*, вели Стојаноска.



Жаклина Пешевска во македонскиот Парламент.



## ЖАКЛИНА ПЕШЕВСКА

Жаклина Пешевска (45) дипломиран инженер-технолог е мажена и мајка на три деца.

Мотивот за влез во политика ѝ бил предизвикот за промени, можност за професионален раст, учење и надградување. Во политиката интензивно е активна, тоа значи 12 години речиси по цел ден, а член во партијата е 19 години. Речиси 8 години е пратеник во Собранието. Потем била три години потпретседателка на Унијата на жени на ВМРО–ДПМНЕ во Гази Баба, потоа пет години претседателка на УЖ Гази Баба и веќе четврта година претседателка на УЖ на републичко ниво.

*„Процесот на обучување на жените што веќе се вклучени во партијата, некои од нив на одредени функции, го спроведуваме преку својата политичка академија на УЖ, конференции и обуки со меѓународни организации, форуми, здруженија, соработка со невладини организации. Паралелно работиме на привлекување нови кадри, жени препознаени во своите средини, општини. Ги мотивираме да работат на себе преку образование, надградба на своите знаења и вештини за да можат да се интегрираат и во општеството и во политиката. Најголема промоција правиме преку своите активности низ целата држава во текот на целата година. Годишно имаме околу 2000 активности на централно ниво, кои ги опфаќаат сите целни групи, жени, млади, пензионери, лица со попреченост, жени-претприемачки, занаетчики, земјоделки, самохрани родители, семејства во социјален ризик, многудетни семејства. Активности посветени на актуелни теми и случувања во државата“*, вели Пешева и дополнува дека не е доволно жените да бидат само амбициозни за високи функции. Треба и мора да поседуваат свои способности, образование, квалификации за да успеат и да се задржат на функционерските места. Вештините се учат попатно.

*„Притоа, жената на функција во исто време е и домаќинка и мајка. Рамнотежата се постигнува со поддршка и разбирање од семејството. Дополнителен бенефит за семејството е добрата економска состојба на жената, нејзиното активно вклучување на пазарот на трудот во која било област придонесува и за нејзин поквалитетен и поисполнет живот. Плус придобивка за општеството“*, вели Пешевска.

Во Шведска е забранета работата на парламентот по 17 часот за да може


Пешевска: „Работиме на привлекување нови кадри, жени препознати во своите средини, општини.“



жената како мајка да има свој придонес во семејството. На прашањето дали сме далеку од тој закон и дали со нивната активност ќе се обидат да сменат нешто, Пешевска посочува дека би сакала како мајка да има повеќе време со семејството и секако би се борела за таков закон да се донесе и кај нас.

*„Иако ангажираноста на жената не зависи само од нејзината работа, посебно во политиката. Односот на жената-политичарка се гради уште од семејството. Ако е таа прво пример во семејството, станува пример и во партијата, а потоа и во општеството. Зависи и од лидерот, кој за среќа во нашата партија ни дава целосна слобода и секоја функција е голем простор за работа, докажување и надградување. Христијан Мицкоски е претседател што не попречил никого во дејствувањето и во нашето учество и во меѓународни конференции, напротив, нè мотивира да учествуваме секаде. Со тоа поттикнува креативност и мотивација за уште повеќе да работиме“*, појаснува Пешевска.

Има неколку жени политичарки за идоли. Една од нив е Маргарет Тачер поради нејзината цврстина, став, мудрост и прецизност во искажувањето.

*„Од истокот Индира Ганди, која покажа ретка храброст во едно многу комплицирано општество. Ангела Меркел, германската канцеларка, која функционираше во неколку големи кризи во Европа. Фасцинирана сум од некои жени кои беа своевремено први дами, а некои од нив потоа и многу политички активни, како Хилари Клинтон, Мишел Обама. Од оние кои лично ги познавам, Дорис Пак, бивша европратеничка и политички активна неколку децении, 20-ина години претседателка на жените во Европската народна партија, Маријана Петир, бивша европратеничка, сега пратеничка во Хрватскиот сабор и голема пријателка на Македонија. Последниве години фасцинантна и многу динамична кариера има Роберта Метсола, претседателката на Европскиот парламент“*, открива Пешевска, која очекува голема победа на следните избори и која вели дека се подготвени за тоа. Време е да почнат да се менуваат работите на подобро во државата. Пешевска има моќна порака до сите жени.

*„Секоја жена да биде вклучена во процесот на носење одлуки на кое било ниво, интегрирана во општеството преку својата работа и ангажман. Бидете тимски играчи, опкружете се со успешни жени, тие не се ваша закана туку ваша додадена вредност. Најдете време за себе, за семејството и за пријателите“*, апелира Пешевска.



Митева: „За нас на 9 мај започнува работа и оправдувањето на довербата на граѓаните.“



## МАРИЈА МИТЕВА

Марија Митева (32) магистер по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан I“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со положен правосуден испит.

***„Моето потекло и семејно воспитување играат значајна улога во обликувањето на моите политички убедувања и мотивации. Поврзаноста со ВМРО-ДПМНЕ произлегува од моето длабоко вкоренето чувство на љубов, обврска и должност да ги поддржувам македонските национални интереси и да гледам со особена почит на жртвите на нашите предци поради кои ние денес имаме држава. И мислам дека не е невообичаено како поединци да чувствуваме силна приврзаност кон одредена политичка партија врз основа на споделените културни или историски искуства како и поради чувството на континуитет со минатите генерации. Често велам дека мојата посветеност на ВМРО-ДПМНЕ ја одразува намерата да го продолжам наследството на политичката идеологија на моето семејство и да придонесам за подобрување на мојата земја и нашиот народ“***, открива Митева и дополнува дека тука некаде лежи и мотивација за политичкиот ангажман, исклучиво во рамките на ВМРО-ДПМНЕ, што во целост се согласува со нејзините вредности и верувања.

***„Политиката би ја дефинирала како брза, динамична и интелектуално стимулирачка. Водена сум од желбата да развијам и да имплементирам ефективни политики што го подобруваат општеството и ги решаваат итните прашања. Но, имам и силно чувство на должност да придонесам преку моето дејствување и постапување за Македонија. Оваа длабоко лична мотивација веќе 14 години ме поттикнува да дадам свој значаен придонес за ВМРО-ДПМНЕ и за поширокиот политички пејзаж во остварувањето на целите и идеалите“***, вели Митева.

Митева како портпаролка стекна нови симпатии кај народот, со убавината, но и со елоквентноста, брзината на реагирање, соодветен одговор. Според неа, да се биде прва жена портпаролка на ВМРО-ДПМНЕ е огромна чест, но уште поголема одговорност. Самата позиција бара силни комуникациски вештини, вклучително и

способност да се артикулираат идеите јасно и убедливо. Ова често вклучува самоуверено зборување на јавните настапи, ефикасна и ефективна комуникација со медиумите со цел пренесување на клучните пораки до различна публика.

*„Јас и приватно сум личност која кога давам ветување не отстапувам од тоа, така беше и за оваа работа. Пред официјално да застанам зад партиската говорница како портпаролка, посветив време на усовршување на своите комуникациски вештини, справување со интервјуата и ефикасни одговори на предизвикувачки прашања. Портпаролската позиција според мене е комбинација од повеќе нешта, но најпрво длабоко разбирање за прашањата што ги претставуваме, подготвеноста да се одговорат прашања на јасен начин и да се даде свој придонес кон развојот на политиките и позициите на партијата“*, вели Митева и ги акцентира суштинските особини за успешно извршените задачи.

*„Тие се довербата и сталоженоста бидејќи многу често треба да останеме смирени и присебни под притисок, особено за време на интервјуа или прес-конференции од висок профил. А, можеби најтешката задача е да инспирираме доверба кај публиката. Како и секоја вештина, да се биде портпарол бара постојано учење и развој. За мене лично, одлуката да се преземе улогата на портпарол на ВМРО-ДПМНЕ и храброста да се направи тоа произлезе од комбинација пред сè на лично убедување, но и од поддршката на моите најблиски, кои веруваа дека мојата темелна посветеност ќе ги унапреди целите и вредностите на нашата организација“*, појаснува Митева.

Според неа, перцепцијата на жените на политички позиции варира во зависност од културните, општествените и политичките норми во одредена земја или регион.

*„Факт е дека во западните земји има сè поголем акцент на родовата еднаквост и признавањето на лидерските способности на жените. Но, сепак, дури и во овие општества, родовите предрасуди и стереотипи сè уште влијаат на перцепциите за жените-политичарки. Во Македонија жените многу често се соочуваат со нееднаквости на работното место, пониски плати, ограничени можности за напредок во кариерата и дискриминација врз основа на пол. За мене е неприфатливо во XXI век на жените сè уште да им се оневозможува еднаков третман и можности само поради тоа што се жени. Мора да се стремиме да создадеме работна средина каде што жените ќе бидат ценети и почитувани. Често велам дека кога ќе имаме исти можности, тогаш нема да зборуваме за жени или мажи лидери, туку само за лидери. Тогаш ќе дојде времето кога ќе се зборува за можности врз основа на знаења, способности, компетенции и вештини без разлика дали станува збор за мажи или жени“*, вели Митева.

Жените во Македонија се доволно амбициозни да сакаат битни функции во општеството, но од друга страна, колку е општеството организирано на соодветен начин за да им даде можност подеднакво да му се посветат и на семејството? На ова прашање Митева одговара дека балансирањето на аспирациите за кариера со семејните обврски е предизвик со кој се соочуваат многу жени низ светот, вклучително и во Македонија.

*„Способноста на жените да извршуваат важни позиции, а истовремено да управуваат со своите семејни обврски зависи од различни фактори: политичките, општествените ставови, но и индивидуалните околности. Сепак, степенот до кој Македонија е организирана на адекватен начин за поддршка на жените во овој поглед многу варира. Кај нас општествените ставови и културните очекувања многу влијаат врз остварувањето на овој баланс. Во некои случаи, традиционалните*

*норми наметнуваат поголем товар на жените, да им дадат приоритет на семејните обврски пред својот напредок во кариерата. Напорите овие состојби да се подобрат за мене подразбира работа заедно за да ги срушиме бариерите што ги кочат жените и да создадеме поправеден систем. Со инвестирање во образование и еднаков пристап до ресурси, можеме да го отклучиме нашиот целосен потенцијал и да обезбедиме посветла иднина за сите. Само така ќе им овозможиме на жените да ги реализираат своите професионални цели, а истовремено да ги исполнуваат своите семејни обврски"*, посочува Митева.

Како жена, секогаш вели дека е природно и нормално да црпиме инспирација од жените што пред нас ни го отвориле патот за ова што ние денес го имаме како можност или привилегија.

*„Но, лично, мојот карактер не идеализира, мислам дека таквиот пристап ѝ оневозможува на секоја индивидуа да биде најдобрата верзија од себе. Во обликувањето на личноста никогаш не се доживувам себе само како жена-политичар, не го користам фактот дека сум жена за да барам поволности или привилегии поради тоа. Мојата реакција на тоа е дека ова е најголема чест што ми беше дадена и можност да ги променам работите, па подобро да продолжам со фокус на тоа. Најважно е да знаеме дека предизвиците и неуспесите се неопходни компоненти на успехот. Кога работите стануваат тешки, тоа не е секогаш знак дека правиме нешто погрешно, често е знак дека правиме нешто правилно. Мои идоли се жените-политичарки што преку дела ја подржувале оваа филозофија"*, појаснува Митева и дополнува дека нивната кампања е фокусирана на решавање на проблемите и на лошите состојби, на претставување на нивната визија за иднината на нашата Македонија.




Митева: „Уверена сум во победата, ќе биде огромна победа. Верувам во нашиот тим и во нашата платформа."

*„Уверена сум во победата, ќе биде огромна победа, убедена сум во нашиот тим и во нашата платформа. Победата на изборите би била резултат на напорната работа и посветеноста на целата наша партија, а јас сум посветена и подготвена да го дадам својот удел и да придонесам. Да ја соопштам победата е чест, се разбира дека сум и повеќе од подготвена да ја артикулирам нашата порака јасно и убедливо до електоратот. За нас, од 9 мај започнува работа и оправдување на довербата на граѓаните"*, заклучува Митева.




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -

# Superbrands

UNIVERSITY OF SKOPJE
EST. 2006

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC